- На просторот за дислокација на дел од доводен цевковод МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при изработка на документацијата или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно со законската регулатива.
- Во делот за заштита на културното наследство, културното наследство е наведено на ниво на катастарска општина, поради што при изработка на документацијата потребно е да се утврди дали на предметната локација има културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото и да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива.
- За предметниот простор не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на дислокација, ниту во фазата на експлоатација, поради доволната оддалеченост на предвидениот опфат од границите на Државата.
- Мерки за ублажување на негативните влијанија од евенуални несреќи и хаварии се наведени во секторската област: Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за дислокација на дел од доводен цевковод МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата**, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- капацитетите на туристичката понуда;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси.

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- **мрежата на инфраструктура;**
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.
- Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се наменети за дислокација на дел од доводен цевковод МХЕЦ-3 ХС Бошава, КО Ваташа, Општина Кавадарци. Должината на трасата на цевководот изнесува 0,3 km и се наоѓа на делови од КП 3592/1, КП 3592/2, КП 3595, КП 3654/1, КП 3654/3, КП 3654/4, КП 3709/2 и КП 3709/5.

Низ предвидениот простор за дислокација на дел од доводен цевковод поминуваат траси за кои се издадени Услови за планирање на просторот за:

- Проект за инфраструктура за изградба на објекти за водоснабдување на с. Ваташа, Глишиќ, Марена и Сопот, општина Кавадарци, со тех.бр. Y06311,
- Државна урбанистичка планска документација за изградба на мала хидроелектрична централа на Блатечка река со референтен бр.3 со пропратни објекти и пристапен пат, КО Ваташа, Општина Кавадарци, со тех.бр. Y29712.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

При изработката на предметната документација, треба да се имаат предвид следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план:

Економски основи на просторниот развој

- Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.
- Реализација на документацијата за дислокација на дел од доводен цевковод МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци, ќе овозможи подобрување на инфраструктурните услови во ова подрачје и ќе биде во функција на унапредување на водоводниот сектор.
- Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на планскиот опфат.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- Согласно Просторниот план на Република Македонија, просторот на Републиката е поделен во 6 земјоделско-стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.

- При изработка на предметната документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- Просторот за дислокација на дел од доводен цевковод МХЕЦ-3 ХС Бошава минува преку речното корито на Студена Вода. При изработката на документацијата и нејзината реализација да се предвидат и применат мерки за заштита на сливните подрачја со цел да се избегне деградирање на просторот кое може да предизвика појава на суводолици, ерозија или свлечишта.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- **Предметната локација за дислокација на дел од доводен цевковод МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци, нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.**
- За електроенергетските корисници потребно е да се обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Урбанизација и мрежа на населби

- Иницијативата **за дислокација на дел од доводен цевковод МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци,** би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, **инфраструктурна опременост** и уреденост на просторот со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Домување

- Иницијативата **за дислокација на дел од доводен цевковод МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци, ќе биде во контекст на овозможување на поквалитетен стандард на домување преку изградба на соодветен водоснабдителен систем.** Количината на потребното снабдување со вода во зоните на домување се базира на бројот на население и станбениот фонд во населбата која се приклучуваат на овој водоснабдителен систем.
- Се препорачува обезбедување на соодветна комунална опременост на становите (опременост со основни инсталации) и изградба на адекватна инфраструктура во зоните со **намена домување** за правилно третирање на водите од водоснабдителниот систем.

Јавни функции

- **Дислокацијата на дел од доводен цевковод МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци,** е надвор од урбаниот опфат на населбата и на тој дел нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт. Со изградбата на резервоарот, **ќе се овозможи поквалитено снабдување со вода на објектите од јавни функции.**

Индустрија

- **Реализација на документацијата со намена за дислокација на дел од доводен цевковод МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци, ќе биде во функција на подобрување на инфраструктурните услови за обавување на производните активности во ова подрачје.**
- **Факторите за развој како што е инфраструктурата, прометните врски, пазарот и другите расположиви ресурси, овозможуваат остварување на определбите предвидени со Просторниот план на Р Македонија за дисперзија на индустријата и за локација на индустриските капацитети во просторот околу градовите и општо во поширокиот рурален простор. При тоа треба да се има во предвид определбата во планскиот просторен развој на индустријата за примена на принципите и стандардите на заштита на животната средина и одржлив развој.**

Сообраќајна инфраструктура

- **Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:**

  А1 - (Граница со Србија-ГП Табановци-Куманово-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-граница со Грција-ГП Богородица и делница Градско-Прилеп-врска со А3).
- **Релевантен регионален патен правец за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегува во групата на регионални патишта "Р1" и е со ознака:**

  Р1107 - (Градско-врска со А1-Росоман-Кавадарци-Мушов Гроб-Витолиште-Лагово-врска со А3 и делница Мајдан-гр.со Р.Грција).
- **При изработка на планската документација од аспект на безебедноста во Патниот сообраќај, да се почитуваат Законот за јавни патишта, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.**

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- **Трасата за дислокација на дел од доводен цевковод МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.**
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни

услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животната средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот за дислокација на дел од доводен цевковод МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградувања на нагибите.
- Озеленување на површините во непосредна близина на трасата (со автохтони видови), со цел да се добие разновиден и богат пејзаж во една просторно - естетска и функционална целина.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Помошните и пратечките градежни објекти (магацински објекти за материјали, алати и гориво, и други помошни објекти), кои ќе се користат во фазата на дислокација, треба да бидат лоцирани на поголеми растојанија од коритата на водотеците и површините под шуми, квалитетни земјоделски површини, населени места и заштитено и предложено за заштита природно наследство.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Да се избегне губење, модификација и фрагментација на живеалишта и прекумерно искористување на природните богатства, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите.

Заштита на природно наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот**

за дислокација на дел од доводен цевковод МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

- Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културното наследство

- **Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2] на подрачјето на катастарската општина Ваташа има регистрирани и евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.**
- При изработка на документацијата од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19) односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

- Предметната локација за којашто се наменети Условите за планирање, припаѓа на **средновардарскиот туристички регион во кој се утврдени 6 туристички зони и 24 туристички локалитети.**
- Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за условите за планирање на просторот со намена за дислокација на дел од доводен цевковод МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци, се наоѓа во индиректно загрозени простори од воени дејства.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.

[2] МАНУ Скопје, 1996г.

- **Согласно Просторниот план на Република Македонија, предметната локација за дислокација на дел од доводен цевковод МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци навлегува во потенцијална зона на свлечишта. Доколку на предметната локација се потврди веројатноста за настанување на свлечишта, да се предвидат соодветни мерки за заштита согласно законската регулатива.**
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за дислокација на дел од доводен цевковод МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

- Центар на макрорегион
- Центар на микрорегион
- Центри на просторно-функционални единици
- Управа
- Просторно-функц. единици
- Граници на влијанија на макрорегион. центри
- Општински центар

Образование
- Средно
- Вишо
- Високо

Здравствена заштита
- 2 Секундарна
- 3 Терцијална

Оски на развој
- источна
- јужна
- север-југ
- северна
- западна

- Слободна економ.зона
- Автопат
- Магистрален пат
- Регионален пат
- Железничка мрежа
- Воздухоплов. пристан.
- Стопански аеродром
- Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Извориште
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани
- Далноводи: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Трафостаници: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 1624/2023

Дата: ..24..-07-..2023.....

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Министерството за транспорт и врски му се издаваат **Услови за планирање на просторот за дислокација на дел од доводен цевковод за МХЕЦ-3 од ХС Бошава, Општина Кавадарци**.

- Должината на трасата на цевководот изнесува **0,3 км.** и се наоѓа на делови од КП 3592/1, КП 3592/2, КП 3595, КП 3654/1, КП 3654/3, КП 3654/4, КП 3707/2 и КП 3709/5.
- Низ планскиот опфат минуваат траси за кои што има издадено Услови за планирање на просторот, со тех. бр. Y06311 и Y29712.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y31923** се составен дел на Решението.
3. Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 225/20, 219/21 и 104/22).
4. Условите за планирање на просторот за дислокација на дел од доводен цевковод за МХЕЦ-3 од ХС Бошава, Општина Кавадарци содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 89/22 и 171/22) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.
6. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за неспроведување на Стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно неспроведувањето, согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за неспроведување на стратегиска оцена за предметната документација за дислокација на дел од доводен цевковод за МХЕЦ-3 од ХС Бошава, Општина Кавадарци, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Министерството за транспорт и врски, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 53055 од 13.06.2023 год., до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за дислокација на дел од доводен цевковод за МХЕЦ-3 од ХС Бошава, Општина Кавадарци.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за дислокација на дел од доводен цевковод за МХЕЦ-3 од ХС Бошава, Општина Кавадарци и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1624/2023 од 20.07.2023 година.

Условите за планирање на просторот за дислокација на дел од доводен цевковод за МХЕЦ-3 од ХС Бошава, Општина Кавадарци претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

МИНИСТЕР
Каја Шукова

Изготвил: Дејан Гаџовски

Одобрил: Соња Фурнаџиска

Согласен: Дајана Марковска Ристеска

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија

Министерство за транспорт и врски

Сектор за уредување на просторот

07 Јуни, 2023 година

Архивски број: 67-3075/2

До: Градежен Институт Македонија

Ул. „Дрезденска“ бр. 52, 1000 Скопје

Предмет: Доставување на одобрен Проект за инфраструктура

Врска: Наш број 67-3075/1 од 31.05.2023 година

Ваш број 1005-316/10 од 23.05.2023 година

Почитувани,

До Министерство за транспорт и врски, доставивте Барање за издавање на Извод од одобрен Проект за инфраструктура за изградба на цевковод и мала хидроелектрична централа со референтен број 3, со пропратни објекти, КО Ваташа, општина Кавадарци, изработен од „Билд“ дооел Скопје, одобрен од Министерство за транспорт и врски со Потврда број 02-7960/2 од 16.08.2013 година.

Постапувајки по Вашето барање, Ве известуваме дека Министерството за транспорт и врски Ви го доставува во изворна и идентична форма на оригиналот бараниот Проект за инфраструктура, во електронска форма по електронска пошта на е-маил адреса: giminz@gim.com.mk

Со почит,
Илина Лалкова, диа
Помошник Раководител на Сектор за уредување на простор

Ilina Lalkova

Digitally signed by Ilina Lalkova
DN: c=MK, ou=VAT - 4030990278246, 2.5.4.97=NTRMK-4928946, o=Ministerstvo za transport i vrski, serialNumber=200285, title=Pomoshnik rakovoditel na sektor, sn=Lalkova, givenName=Ilina, cn=Ilina Lalkova
Date: 2023.06.07 08:46:30 +01'00'

Изработил: Даниела Деспотовска Сековска, диа

Daniela Despotovska Sekovska

Digitally signed by Daniela Despotovska Sekovska
DN: c=MK, ou=VAT - 4030990278246, 2.5.4.97=NTRMK-4928946, o=Ministerstvo za transport i vrski, serialNumber=185459, title=Sovetnik, sn=Despotovska Sekovska, givenName=Daniela, cn=Daniela Despotovska Sekovska
Date: 2023.06.07 08:46:07 +01'00'

Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина “ бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

БИЛД Д.О.О.Е.Л. - Извоз – Увоз Скопје,

Бул. 8ми Септември бр.13, Сала Борис Трајковски, Скопје, тел/фах 02 3083 575;
075 410 187, МК 403002463980, ХАЛК БАНКА Д. Скопје ж-ска 270000001048166

151/13
07 13

Република Македонија
Министерство за транспорт и врски
бр. 02-7900/2 од 16.08.2013
ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА
со техн.бр. 151/13 согласно
Решение бр. 15-9123/4 од 03.12.2012г.
за услови за планирање на проектот.

ПРОЕКТ: ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

ОБЈЕКТ: ЗА ИЗГРАДБА НА ЦЕВКОВОД И МАЛА ХИДРОЕЛЕКТРИЧНА ЦЕЛТРАЛА СО РЕФЕРЕНТЕН БРОЈ 3, СО ПРОПРАТНИ ОБЈЕКТИ, КО ВАТАША, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ТЕХ. БР. : 151/13

МЕСТО: ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ИНВЕСТИТОР: ХИДРО БОШАВА доо - КАВАДАРЦИ
Ул.Ило Костов Бр.31
1430 Кавадарци

Bojan Mulickovski
Digitally signed by Bojan Mulickovski
DN: cn=Bojan Mulickovski, sn=Mulickovski, givenName=Bojan, c=MK, o=BILD dooel Skopje, email=mulickovski@yahoo.com
Date: 2014.01.09 12:19:23 +01'00'

УПРАВИТЕЛ: АЛЕКСАНДАР ГАВРИЛОСКИ

Aleksandar Gavriloski
Digitally signed by Aleksandar Gavriloski
DN: cn=Aleksandar Gavriloski, sn=Gavriloski, givenName=Aleksandar, c=MK, email=bildsk@yahoo.com
Date: 2014.01.09 12:15:40 +01'00'

Скопје, ЈУЛИ 2013 год.



нумерација на површина за градба	намена		max висина	Катност	намена на површини (m2)	P(m2) површина за градба	бруто P (m2) развиена површина	процент на изграденост %	коефициент на искористеност	потребен број на паркинг места
3.1	Е1	ЗАФАТНА ГРАДБА	1,00 m	-	100,00 m2	3,50 m2	3,50 m2	-	-	-
3.2		ЗАТВАРАЧНИЦА	1,00 m	-		8,00 m2	8,00 m2	-	-	-
3.3		ВОЗДУШЕН ВЕНТИЛ	1,00 m	-		16,00 m2	16,00 m2	-	-	-
3.4		ВОЗДУШЕН ВЕНТИЛ	1,00 m	-		16,00 m2	16,00 m2	-	-	-
3.5		РАЗДЕЛНА ШАХТА	1,00 m	-		8,50 m2	8,50 m2	-	-	-
3.6		ВОЗДУШЕН ВЕНТИЛ	1,00 m	-		16,00 m2	16,00 m2	-	-	-
3.7		ВОЗДУШЕН ВЕНТИЛ	1,00 m	-		16,00 m2	16,00 m2	-	-	-
3.8		ВОЗДУШЕН ВЕНТИЛ	1,00 m	-		16,00 m2	16,00 m2	-	-	-
3.9	Е2	МАШИНСКА ЗГРАДА	10,00 m	П	1986,00 m2	1986,00 m2	1986,00 m2	-	-	-
	Е1	КОРИДОР (подземен цевковод)	-	-	20376,00	-	-	-	-	-
ВКУПНО					22462 m2	2086,00 m2	2086,00 m2	9%	0,09	1 возило за сервис и контрола

ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ЦЕВКОВОД И МАЛА ХИДРОЕЛЕКТРИЧНА ЦЕНТРАЛА СО РЕФ.БР. 3 СО ПРОПРАТНИ ОБЈЕКТИ КО ВАТАША, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П=2.25 ха
- 3 НУМЕРАЦИЈА НА ОПФАТ НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА
- 3.x НУМЕРАЦИЈА НА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА
- г.л. ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ ОГРАНИЧЕНА СО ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- П КАТНОСТ
- H=.....м ВИСОЧИНА НА ГРАДЕЊЕ
- ПЕ ЦЕВКИ ЗА КАБЛИ ЗА НАПОЈУВАЊЕ
- ЦЕВКОВОД
- НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ
  Е - ИНФРАСТРУКУРА
- Е1 Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
  - КОРИДОР НА ПОДЗЕМЕН ЦЕВКОВОД
  - ЗАФАТНА ГРАДБА
  - ЗАТВАРАЧНИЦА
  - ВОЗДУШЕН ВЕНТИЛ
  - РАЗДЕЛНА ШАХТА
- Е2 Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА
  - МАШИНСКА ЗГРАДА
- ПРИСТАПЕН ПАТ

ПОВРШИНА 22462м2	параметри
ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА (м2)	2086 м2
Е2- ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА (м2)	1986 м2
Е1- ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА (м2)	100 м2
ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ	9%
КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	0,09

0 БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ Овластен планер 0070

У ФАЗА

BILD

СИНТЕЗЕН ПЛАН

ЦРТЕЖ

ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ЦЕВКОВОД И МАЛА ХИДРОЕЛЕКТРИЧНА ЦЕНТРАЛА СО РЕФ.БР. 3 СО ПРОПРАТНИ ОБЈЕКТИ, КО ВАТАША, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ТЕХ.БР. 151/13 М 1:2 500

ЛИСТ БР. 4

ПЛАНЕРИ:
БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ д.и.а. бр.ов. 0.0070
ЕФРЕМОВА ИСКРА д.и.а. бр.ов. 0.0085
КАРАГА КАТЕРИНА д.и.а. бр. ов. 0.0393
ИЛИНА ЛАЛКОВА д.и.а. бр.ов. 0.0403
ДЕЈАН ДРВОШАНСКИ д.и.а.

УПРАВИТЕЛ: ГАВРИЛОСКИ АЛЕКСАНДАР

ИНВЕСТИТОР: ХИДРО БОШАВА-доо КАВАДАРЦИ

ЛОКАЦИЈА: ОПШТИНА КАВАДАРЦИ 07.2013

БИЛД ДООЕЛ експорт-импорт Скопје

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

Друштво за производство и промет со електрична енергија
ХИДРО БОШАВА ДООЕЛ
Бр. 0302-151
16.08 2023 год.
КАВАДАРЦИ

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

1. ВОВЕД

Изработка на Проектна програма е законска обврска согласно член 44 став 1, од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.С.М бр.32/20, 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.С.М.бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 111/23).

2. ПОДРАЧЈЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Предметниот проектен опфат се наоѓа во Тиквешкиот регион, во јужниот дел на Р.С. Македонија во границите на КО Ваташа, Општина Кавадарци.
Проектниот опфат во КО Ваташа опфаќа дел од КП 3592/ 1, КП 3592/ 2, КП 3595, КП 3654/ 1, КП 3654/ 3, КП 3654/ 4, КП 3709/ 2 и КП 3709/ 5. Површината на проектниот опфат изнесува: **19195.46м² (1.92ha)**.
Проектниот опфат е дефиниран со следните координати:

X=7589079.7300	Y=4581674.5673
X=7589124.3132	Y=4581670.9597
X=7589136.8520	Y=4581664.2941
X=7589141.4244	Y=4581658.1986
X=7589096.4484	Y=4581463.9641
X=7589145.1595	Y=4581452.6847
X=7589195.3846	Y=4581669.5880
X=7589170.1622	Y=4581703.2124
X=7589138.6525	Y=4581719.9628
X=7589128.8627	Y=4581726.2960
X=7589022.5675	Y=4581729.3563
X=7589018.5347	Y=4581679.5192
X=7589043.4127	Y=4581677.5061
X=7589049.7962	Y=4581662.1059
X=7589079.8381	Y=4581674.6123

Предметниот проектен опфат е со основна класа на намена - **Е1.5 (Инфраструктури на водоснабдувањето),** согласно член 77, став 1 од Правилникот за стандарди и нормативи за Урбанистичко планирање ("Сл.весник на Р.С.М." бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 111/23) односно
Е1.5 Доводи на вода и водоводни мрежи

Дел од предметниот проектен опфат навлегува во проектниот опфат од одобрениот **Проект за инфраструктура за изградба на цевковод и мала хидроелектрична централа со референтен број 3, со пропратни објекти, КО Ваташа, Општина Кавадарци** (тех.бр. 151/13), одобрен од Министерство за транспорт и врски (одобрение бр.7900/2 од 16.08.2013) со Решение за Услови за планирање на просторот бр.15-9123/4 од 3.12.2012.

Добиени се и Услови за планирање на просторот (Y 31923 од Јули 2023 год) од страна на Агенција за планирање на просторот и Решение за услови за планирање на просторот (арх.бр. УП1-15 1624/2023 од 24.07.2023 год.)

3. СПЕЦИФИЧНИ ПОТРЕБИ И МОЖНОСТИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ОПФАТОТ

Пред изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се спроведува постапка за изработка, односно одобрување на Проектна програма. Согласно Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.М. бр. 32/20, 111/23), потребно е да се утврди можност за изработка **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за цевковод за МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци.**

Хидро Системот Бошава се состои од тиролски зафат на река Бошава, од каде со довдедува до водата до сливот на река Луда Мара. Зафатената вода енергетски се искористува низ 5 Мали хидроцентрали кои се каскадно поставени.
МХЕЦ реф бр 3. е трета скала во низата на хидроелектрани за енергетско искористување на водите од системот за наводнување "ХМС Бошава". Со изградба на Мали хидроцентрали ќе се зголеми искористеноста на хидролошкиот потенцијал на сливот, а воедно ќе се зголеми степенот на искористеност на Хидросистемот притоа подобрувајќи ги техничко-економските елементи.

МХЕЦ реф бр 3. е проточна хидроелектана од деривационен тип, со деривација под притисок, која ги користи водите од езерото Градот во кое освен од локалниот слив се доведени и зафатените води од р. Бошава. Инсталиран проток на МХЕЦ-3 изнесува $Q_{инст}$= 2.8m^3/s. Деривијацијата на МХЕЦ-3 е под притисок и користи пад од кота од кота 545 до кота 465мнв.

Водата се зафаќа од езерото а потоа со цевковод под притисок DN 1300 со должина L=998м се доведува до хидроцентралата со две Францисови турбини. Енергетски искористената вода од оводната вада директно ќе се зафаќа и ќе се води до следна хидроцентрала.

Како резултат на геолошко-морфолошките одлики на теренот се настанати значителни материјални оштетувања на постоечкиот цевковод што довело до прекин на експлоатација на објектот и производство на електрична енергија. Оваа локација е издвоена како зона на интезивна ерозија во чии рамки се евидентирани дополнителни деформации на теренот како што се слегнувања и локални свлкеувања на почвените материјали, тензиони пукнатини, извори на подземна вода, провлажнувања во форма на пиштевини, ерозиони стрии и сл. Ваквата состојба е настаната во зона со доста стрмен пад на теренот, каде што при тековната експлоатација, дошло до сериозно оштетување (кинење) на доводниот цевковод и нагло испуштање на огромни количини на техничка вода, што довело до еродирање на голема површина, формирајќи при тоа јаруга, односно т.н. ерозивен кањон со димензии од околу 100-ина метри во должина и просечна ширина од околу 25 метри, со длабина и до 7-8 метри.

Оската на протегање на оваа зона е југоисток-северозапад со доста нестабилни бочни ѕидови кои се одликуваат со голема стрмнина, склони кон одронувања, свлекувања, кои имаат тенденција на проширување на самата зона. Генезата на ваквата појава е поврзана и со влијанието на подземните води кои делумно се дренираат преку низа извори кои егзистираат во непосредната околина, а дел и во самата зона каде преку процеси на суфозија влијаат на промената на физичко-механичките параметри на геолошките материјали.

Техничко решение и реализација на санациони мерки во вакви геолошки услови и состојба на теренот како работна средина (зона на интеракција), претставува вложување на сериозни материјални средства, а особено значителен ризик по здравјето и безбедноста по човекот во фаза на идните инженерски делувања.

За таа цел се иницира постапка за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за доводен цевковод за МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци.**

Предмет на овој проект, е утврдување на најповолната микролокација,техничко,економско, сообраќајно и просторно решение на трасата а во согласност со конкретните подлоги дефинирани посебно за проектот.

Проектната програма треба да овозможи изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, со што ќе се уреди намената и начинот на користење на просторот, како и условите за градење во рамките на дефинираниот плански опфат.

Општи и посебни цели на планирањето и програмските содржини што треба да бидат предмет на планирањето

Предмет на оваа проектна програма е да се изработи **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за цевковод за МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци.**

Хоризонталното и нивелетското решение на цевководот да се дефинираат имајќи ја во предвид поставеноста на постоечкиот цевковод, неговиот подолжен и поречен наклон, како и конфигурацијата на теренот.

Како основи за проектирање да се користат сите подлоги од кои се добиваат потребните информации за микролокацијата и актуелниот простор, потребните влезни параметри, постоечката техничка и урбанистичка документација, законската регулатива и др.

Девијацијата на дел од доводниот цевковод за МХЕЦ 3 да се предвиди со отклонување од постојниот цевкодовод на стационажа 0+428,02 до стац. 0+658,30 од стационажата на постоечкиот цевковод. Крајот на девијацитата е на км 0+747,28, од стационажата на девијацијата.
Вкупната должина на девијацијата изнесува L=319.26m.

Сите вертикални и хоризонтални прекршувања да се изведат со соодветни колена и соодветни анкерни блокови.

На стационажа 0+533,00 од стационажата на девијацијата, или на приближно 100m од почетокот на девијацијата да се предвиди шахта за воздушен вентил.

Се предвидува и изведба на дренажа која ќе зафати води од мали извори кои се лоцирани при теренската проспекција и кои ќе се испуштат во реката. Дренажата се пресекува со цевководот на стац. 0+675,00 и истата поминува под цевководот, а испустот од дренажната цевка која е со должина од 65m,да излегува на терен и да се испушта по терен или на површински канал.

Трасата на девијацијата која е со почетна точка на отклонување од постоечкиот цевковод на км. 0+428,02 е предвидена со пет прекршувања, односно едно на отклонувањето и едно на приклчувањето кон постоечкиот цевковод, а три по трасата на девијацијата.

Почетокот на девијацијата е на стац. км 0+428,02. и крајот е на стац. 0+747,28 каде е приклучокот на постојниот цевковод.

Преминот на постојната комунална инфраструктура со цевководот да се предвиди според важечките регулативи и технички нормативи во согласност со имателите на постојните и планираните инсталации.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план ќе се изработува согласно член **58 став (6)** од Законот за урбанистичко планирање (Сл. в. на РМ бр: 32/2020, 111/23), по претходно обезбедени **Услови за планирање** со технички број Y 31923 од Јули 2023 год. со решение и мислења од државните органи, институции и правни лица со јавни овластувања од членот 47 на истиот закон, врз ажурирана геодетска подлога.

Урбанистичкиот план да се изработи согласно Законот урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20,219/21, 104/22, 99/23, 111/23).

Содржината на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план треба да биде изработена согласно со **членот 59** од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М, бр. 225/20, 219/21, 104/22).
При изработка на урбанистичкиот проект задолжително треба да се прибаваат потребните **податоци и информации** согласно со членот 47 од овој закон.

На Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план задолжително треба да биде извршена **стручна ревизија** во согласност со чл. 48 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М, бр. 32/20, 111/23).

Постапката за донесување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се спроевдува согласно **член 62** од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М, бр. 32/20, 111/23)

Изработил:

Славица Чавдаровска Наумова,

дипл.инж.арх. овластување бр.0.0469

0

СЛАВИЦА ЧАВДАРОВСКА
дипл.инж.арх.
Овластен планер 0469

Нарачател:

ДППЕЕ ХИДРО БОШАВА ДООЕЛ КАВАДАРЦИ
Р.С. Македонија

ХИДРО БОШАВА ДООЕЛ Кавадарци

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

KAVADARCI
Gravalinci
Manastiriste
Dafinata
Kalnica
Vatasa
Ćuka
Trsje
Raštani
Lipje
Smrekite
Bela poljana
Karamenica
Bolovanski kmn
Zieševo
Crno kot
Valot
Mlakot
Virot
Katuniste
Kazarinov kamen
Mokliste
Man. sv. Nikola
Vršni kotl
Dabniste
Kruša
Džumalica
Kurilov kmn
Grobišta
Borovica
Krstot
Martinica
Ornica
опфат - дислокација
на цевковод

© 2023 Microsoft Corporation © 2023 Maxar ©CNES (2023) Distribution Airbus DS © 2023 TomTom



Република Македонија
Министерство за транспорт и врски
бр. 12-796/2 од 16.08.2013
ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА
со тех.бр. 151/13 согласно
Решение бр. 15-9123/4 од 03.12.2012 г.
за изработка на плански решенија

нумерација на површина за градба	намена		max висина	Катност	намена на површини (m2)	P(m2) површина за градба	бруто P (m2) развиена површина	процент на изграденост %	коефициент на искористеност	потребен број на паркинг места
3.1	E1	ЗАФАТНА ГРАДБА	1,00 m	-	100,00 m2	3,50 m2	3,50 m2	-	-	-
3.2		ЗАТВАРАЧНИЦА	1,00 m	-		8,00 m2	8,00 m2	-	-	-
3.3		ВОЗДУШЕН ВЕНТИЛ	1,00 m	-		16,00 m2	16,00 m2	-	-	-
3.4		ВОЗДУШЕН ВЕНТИЛ	1,00 m	-		16,00 m2	16,00 m2	-	-	-
3.5		РАЗДЕЛНА ШАХТА	1,00 m	-		8,50 m2	8,50 m2	-	-	-
3.6		ВОЗДУШЕН ВЕНТИЛ	1,00 m	-		16,00 m2	16,00 m2	-	-	-
3.7		ВОЗДУШЕН ВЕНТИЛ	1,00 m	-		16,00 m2	16,00 m2	-	-	-
3.8		ВОЗДУШЕН ВЕНТИЛ	1,00 m	-		16,00 m2	16,00 m2	-	-	-
3.9	E2	МАШИНСКА ЗГРАДА	10,00 m	П	1986,00 m2	1986,00 m2	1986,00 m2	-	-	-
	E1	КОРИДОР (подземен цевковод)	-	-	20376,00	-	-	-	-	-
ВКУПНО					22462 m2	2086,00 m2	2086,00 m2	9%	0,09	1 возило за сервис и контрола

ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ЦЕВКОВОД И МАЛА ХИДРОЕЛЕКТРИЧНА ЦЕНТРАЛА СО РЕФ.БР. 3 СО ПРОПРАТНИ ОБЈЕКТИ КО ВАТАША, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П=2.25 ха
- 3 НУМЕРАЦИЈА НА ОПФАТ НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА
- 3.x НУМЕРАЦИЈА НА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА
- Г.Л. ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ ОГРАНИЧЕНА СО ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- П КАТНОСТ
- H=.....м ВИСОЧИНА НА ГРАДЕЊЕ
- ПЕ ЦЕВКИ ЗА КАБЛИ ЗА НАПОЈУВАЊЕ
- ЦЕВКОВОД
- НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ
  Е - ИНФРАСТРУКУРА
- E1 Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
  - КОРИДОР НА ПОДЗЕМЕН ЦЕВКОВОД
  - ЗАФАТНА ГРАДБА
  - ЗАТВАРАЧНИЦА
  - ВОЗДУШЕН ВЕНТИЛ
  - РАЗДЕЛНА ШАХТА
- E2 Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА
  - МАШИНСКА ЗГРАДА
- ПРИСТАПЕН ПАТ

ПОВРШИНА 22462м2	параметри
ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА (м2)	2086 м2
Е2- ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА (м2)	1986 м2
Е1- ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА (м2)	100 м2
ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ	9%
КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	0,09

БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ 0070

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПРЕДМЕТЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- НОВОПЛАНИРАН ЦЕВКОВОД
- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ ОД ОДОБРЕН ПИ
- ПОСТОЕН ЦЕВКОВОД

ФАЗА У

СИНТЕЗЕН ПЛАН

ЦРТЕЖ 4 ЛИСТ БР.

ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА
ЗА ИЗГРАДБА НА ЦЕВКОВОД И
МАЛА ХИДРОЕЛЕКТРИЧНА ЦЕНТРАЛА СО
РЕФ.БР. 3 СО ПРОПРАТНИ ОБЈЕКТИ,
КО ВАТАША, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ТЕХ.БР. 151/13 М 1:2 500

ПЛАНЕРИ:
БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ д.и.а. бр.ов. 0.0070
ЕФРЕМОВА ИСКРА д.и.а. бр.ов. 0.0085
КАРАГА КАТЕРИНА д.и.а. бр. ов. 0.0393
ИЛИНА ЛАЛКОВА д.и.а. бр.ов. 0.0403
ДЕЈАН ДРВОШАНСКИ д.и.а.

УПРАВИТЕЛ: ГАВРИЛОСКИ АЛЕКСАНДАР

ИНВЕСТИТОР: ХИДРО БОШАВА-доо КАВАДАРЦИ

ЛОКАЦИЈА: ОПШТИНА КАВАДАРЦИ 07.2013

БИЛД ДООЕЛ експорт-импорт Скопје

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА
Даме Груев 12, Скопје, Република Северна Македонија
тел: 02 3095 810 / 02 3096 833 web: www.gim.com.mk , e-mail: gim@gim.com.mk

РЕВИЗИЈА / РЕВИЗИЈЕ	ДАТУМ	ПОТПИС НА РЕВИЗИЈЕТ	ПЕЧАТ НА РЕВИЗИЈЕТ

ИНВЕСТИТОР: ДПТЕЕ ХИДРО БОШАВА ДООЕЛ КАВАДАРЦИ Р.С. Македонија

ОБЈЕКТ: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДОВОДЕН ЦЕВКОВОД ЗА МХЕЦ-З ХС БОШАВА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ПРОЕКТ: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ГЛАВЕН ПРОЕКТАНТ:

ПОТПИС НА ПРОЕКТАНТ:

ОБЛАСТ НА ПРОЕКТИРАЊЕ: УРБАНИЗАМ У

ОДГОВОРЕН ПЛАНЕР: Славица Чакаровска Наумова, дипл.инж.арх. овластување бр. 0.0469

ПОТПИС НА ПЛАНЕР:

СОДРЖИНА НА ЛИСТ: ЗБИРЕН ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ „ЦЕВКОВОД ОД ОДОБРЕН ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА СО НАНЕСЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ"

СОРАБОТНИЦИ: Владимир Аровски, м-р инж.арх, Елена Спасеска, м-р инж.арх, Андреј Прошевски, м-р инж.арх, Симеша Павлевски, м-р инж.арх.

ПОТПИС НА СОРАБОТНИЦИТЕ

ТЕХНИЧКИ БРОЈ	ДАТУМ	РАЗМЕР	ФОРМАТ	ПРИЛОГ
ГТ-25 -06 -2023	Август 2023	М = 1:1000	1300-1188	3



ЛЕГЕНДА:

- **ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ P = 1.92ha**
- **ПОСТОЕН ЦЕВКОВОД**
- Граница на катастарска парцела
- Граница на објект
- 518 Број на катастарска парцела
- 276.09 Надморска висина на точка
- Снимени точки на терен
- Земјен пат
- Објект
- Изохипси
- Бетонски блокови

РЕВИЗИЈА / РЕВИДЕНТ	ДАТУМ	ПОТПИС НА РЕВИДЕНТ	ПЕЧАТ НА РЕВИДЕНТ

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА
Дрезденска 52, Скопје, Република Северна Македонија
тел: 02 3066 816 | 02 3066 833 web: www.gim.com.mk , e-mail: gim@gim.com.mk

ИНВЕСТИТОР:
ДППЕЕ ХИДРО БОШАВА ДООЕЛ
КАВАДАРЦИ
Р.С. Македонија

ОБЈЕКТ:
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДОВОДЕН ЦЕВКОВОД ЗА МХЕЦ-3 ХС БОШАВА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ПРОЕКТ:
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ГЛАВЕН ПРОЕКТАНТ:

ПОТПИС НА ПРОЕКТАНТ:

ОБЛАСТ НА ПРОЕКТИРАЊЕ
УРБАНИЗАМ

У

ОДГОВОРЕН ПЛАНЕР:
Славица Чавдаровска Наумова, дипл.инж.арх.
овластување бр. 0.0469

ПОТПИС НА ПЛАНЕР:

СОДРЖИНА НА ЛИСТ
АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ПРОЕКТЕН ОПФАТ

СОРАБОТНИЦИ
Владимир Арсовски, м-р.инж.арх.
Елена Спасеска, м-р.инж.арх.
Андреј Прошевски, м-р.инж.арх.
Синиша Павловски, м-р.инж.арх.

ПОТПИС НА СОРАБОТНИЦИ:

ТЕХНИЧКИ БРОЈ:	ДАТУМ:	РАЗМЕР:	ФОРМАТ:	ПРИЛОГ:
ГТ 25-06-2023	Август 2023	М = 1:1000	420-780	4



ЛЕГЕНДА:

- **ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ P = 1.92ha**
- Граница на катастарска парцела
- Граница на објект
- 518 Број на катастарска парцела
- 276.09 Надморска висина на точка
- Снимени точки на терен
- Земјен пат
- Објект
- Изохипси
- Бетонски блокови
- **ПОСТОЕН ЦЕВКОВОД**
- **НОВОПЛАНИРАН ЦЕВКОВОД**

КЛАСА НА НАМЕНА

- E1.5 **E1.5 Инфраструктура на водоснабдување (цевководи за транспорт на вода за индустриска, енергетска и друга специјална намена)**

РЕВИЗИЈА / РЕВИДЕНТ	ДАТУМ	ПОТПИС НА РЕВИДЕНТ	ПЕЧАТ НА РЕВИДЕНТ

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА
Дрезденска 52, Скопје, Република Северна Македонија
тел: 02 3066 816 | 02 3066 833 web: www.gim.com.mk , e-mail: gim@gim.com.mk

ИНВЕСТИТОР:
ДППЕЕ ХИДРО БОШАВА ДООЕЛ
КАВАДАРЦИ
Р.С. Македонија

ОБЈЕКТ:
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДОВОДЕН ЦЕВКОВОД ЗА МХЕЦ-3 ХС БОШАВА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ПРОЕКТ:
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ГЛАВЕН ПРОЕКТАНТ:

ПОТПИС НА ПРОЕКТАНТ:

ОБЛАСТ НА ПРОЕКТИРАЊЕ
УРБАНИЗАМ

У

ОДГОВОРЕН ПЛАНЕР:
Славица Чавдаровска Наумова,
дипл.инж.арх.
овластување бр. 0.0469

ПОТПИС НА ПЛАНЕР:

СОДРЖИНА НА ЛИСТ
АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ПРОЕКТЕН ОПФАТ И НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО

СОРАБОТНИЦИ
Владимир Арсовски, м-р.инж.арх.
Елена Спасеска, м-р.инж.арх.
Андреј Прошевски, м-р.инж.арх.
Синиша Павловски, м-р.инж.арх.

ПОТПИС НА СОРАБОТНИЦИ:

ТЕХНИЧКИ БРОЈ:	ДАТУМ:	РАЗМЕР:	ФОРМАТ:	ПРИЛОГ:
ГТ 25-06-2023	Август 2023	M = 1:1000	420-780	5

Република Северна Македонија

Министерство за транспорт и врски

Сектор за уредување на просторот

18 Август, 2023

Архивски број: 21-3941/5

П О Т В Р Д А

Се потврдува одобрување од урбанистички аспект на **ПРОЕКТНАТА ПРОГРАМА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДИСЛОКАЦИЈА НА ДЕЛ ОД ДОВОДЕН ЦЕВКОВОД ЗА МХЕЦ-3 ХС БОШАВА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, изработена од ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ „МАКЕДОНИЈА" А.Д. - СКОПЈЕ со тех. број ГТ 25-06-2023 од Август 2023 година,** и број на постапка во е-урбанизам 54120 врз основа на Предлогот за одобрување на Проектна програма од Комисијата за урбанизам бр. 21-3941/4 од 17.08.2023 година.

(се наведува видот на документација и техничкиот број)

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ „МАКЕДОНИЈА" А.Д. - СКОПЈЕ

(се наведува изработувачот на документацијата)

Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план кои спаѓаат во прва категорија на градби е доставена преку информацискиот систем е-урбанизам.

(се наведува видот на документацијата)

Барање бр. 21-3941/1 од 26.07.2023 година.

(се наведуваат архивскиот број и датум на барањето)

Министер
Благој Бочварски

Blagoj Bochvarski

Digitally signed by Blagoj Bochvarski
Date: 2023.08.18 09:31:37 +02'00'

Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

File Edit View History Bookmarks Tools Help
Е-Урбанизам
https://www.e-urbanizam.mk/admin#/home/administration/request/planner/detail/1041/51556
Import bookmarks... Getting Started Катастар Најава

ИНФОРМАЦИИ | ИСТОРИЈА НА ДВИЖЕЊЕ | ИСТОРИЈА НА ПРОМЕНИ | РЕЛЕВАНТНИ ПОСТАПКИ | МИСЛЕЊА ОД ОПШТИНИ / ИНСТИТУЦИИ

Детали за постапка за податоци, информации и мислења

Број на постапката:
51556

Статус:
Кај општини/институции

Наслов
ПИМ- УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДИСЛОКАЦИЈА НА ДЕЛ ОД ДОВОДЕН ЦЕВКОВОД ЗА МХЕЦ-3 ХС БОШАВА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Датум на креирање
18.04.2023

Иницијатор
Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје

Надлежен орган
/

ДОКУМЕНТИ | ДИСКУСИЈА

Пребарај

Документи за барањето

Име на документот	Тип на документ	Креирано од	Креирано на	Опис	Дигитален Потпис
Одговор ПИМ 11-3104-2	Податоци и информ зации	taisa99@gmail.com	17.05.2023 10:2 1:00		Да

Акции

Нема дозволени акции

Процесни дијаграми

Графички тек на процесот

- ПИМ.pdf

Помош

ENG 13:11 21.7.2023

File Edit View History Bookmarks Tools Help
Е-Урбанизам
https://www.e-urbanizam.mk/admin#/home/administration/request/planner/detail/1041/51556
Import bookmarks... Getting Started Катастар Најава

ИНФОРМАЦИИ | ИСТОРИЈА НА ДВИЖЕЊЕ | ИСТОРИЈА НА ПРОМЕНИ | РЕЛЕВАНТНИ ПОСТАПКИ | МИСЛЕЊА ОД ОПШТИНИ / ИНСТИТУЦИИ

Институции

Додади институција | Пребарај

Надворешна институција	Датум на испраќање	Датум на одговор	Мислење	Испратено
МЖСПП - Сектор за води	18.04.2023	/		☑
МЖСПП - Сектор за природа	18.04.2023	/		☑
Министерство за Внатрешни работи	18.04.2023	/		☑
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА	18.04.2023	/		☑
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА	18.04.2023	/		☑
Агенција за електронски комуникации	18.04.2023	/		☑
ЈП Македонски Железници Инфраструктура	18.04.2023	/		☑
А1 Македонија ДООЕЛ Скопје	18.04.2023	/		☑
ЕВН_издавање_податоци_и_мислења_планови	18.04.2023	04.05.2023		☑
МЕПСО АД Скопје	18.04.2023	/		☑

File Edit View History Bookmarks Tools Help
Е-Урбанизам
https://www.e-urbanizam.mk/admin#/home/administration/request/planner/detail/1041/51556
Import bookmarks... Getting Started Катастар Најава

Надворешна институција	Датум на испраќање	Датум на одговор	Мислење	Испратено
Македонски Телеком АД-Скопје	18.04.2023	26.04.2023		☑
Водостопанство Тиквеш Кавадарци	18.04.2023	/		☑
НОМАГАС АД Скопје	18.04.2023	19.04.2023		☑
Јавно Претрпијатие за стопанисување со шумите во државна сопстве ност „Национални шуми"-Скопје	18.04.2023	/		☑
Јавно претпријатие за државни патишта	18.04.2023	/		☑
ЈП Комуналец, Кавадарци	18.04.2023	04.05.2023		☑
ДЗС Кавадарци	18.04.2023	/		☑

← Претходни 1 2 Следни →

Прикажани 11 - 17 од 17 ставки

Општини

Додади општина

Пребарај

Општина	Датум на испраќање	Датум на одговор	Мислење	Испратено
КАВАДАРЦИ	18.04.2023	17.05.2023		☑

← Претходни 1 Следни →

Прикажани 1 - 1 од 1 ставки

https://www.e-urbanizam.mk/admin/#
ENG 13:12 21.7.2023

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-22/5-223 од 04.05.2023
Скопје

Одговорно лице: Цветомир Јованоски

Контакт телефон: 072/ 932-596

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на **Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План за дислокација на дел од доводен цевковод за МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци,** Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☒ **10(20)kV Подземна мрежа**
☐ 10(20)kV Надземна мрежа

☐ 0.4kV Подземна мрежа
☐ 0.4kV Надземна мрежа

☒ **Друго** Во прилог Ви доставуваме и наша планирана траса за дислокација на 20 kV кабел која чија реализација ќе биде искоординирана со одговорните лица од Хидро Бошава

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Jovanoski Cvetomir

Digitally signed by Jovanoski Cvetomir
Date: 2023.05.04 09:52:30 +02'00'

EVN Group

Датум: 20.04.2023


Река Луда Мара
5384
1
3595
3592
1
3654
1
4 581 700
4 581 600
4 581 500
4 581 400
7 588 900
7 589 000
7 589 100
7 589 200
7 589 300
7 589 400
ПРЕДМЕТЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ
10 KV ПЛАНИРАН ПОДЗЕМЕН ВОД
10 (20) KV ПОСТОЕЧКИ ПОДЗЕМЕН ВОД

јавно претпријатие за комунални работи
КОМУНАЛЕЦ
КАВАДАРЦИ

Јавно претпријатие за комунални работи
КОМУНАЛЕЦ
Бр. 09-1003/1
03.05 2023 год.
КАВАДАРЦИ

ЈП Комуналец Кавадарци
Индустриска бб, 1430 Кавадарци
тел: 043 410 351,043 414 531
факс:043 410 351
info@jpkomunalec.com.mk

Арх.број :_____

Дата: _____

Градежен институт Македонија
1000 Скопје

ПРЕДМЕТ : Одговор на барање на податоци и информации

со број 1005-316/10 од 18.04.2023г.

Почитувани,

Согласно вашето барање за податоци и информации за **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДИСЛОКАЦИЈА НА ДОВОДЕН ЦЕВКОВОД ЗА МХЕЦ 3 ХС БОШАВА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** доставено на системот е- урбанизам со број **1005-316/10 од 18.04.2023г.** , Ви доставуваме подлога со вцртани подземни инсталации за кои имаме податоци на предметната локација.

- Планерот да ги внесе постоечките инсталации кои следуваат како надополнување на овој Допис.
- При планирањето да се запазат сите норми согласно важечките стандарди и регулативи за проектирање.

Податоците Ви ги праќаме во dwg формат со **НАПОМЕНА** *дека податоците се ориентациони податоци, а не официјални податоци измерени од терен.*

ЈП КОМУНАЛЕЦ Кавадарци
Сектор Водовод и Сектор Канализација

Дата:
03.05.2023 година

Изработил:

Павлинка Димова дги

_____

Јавно претпријатие за комунални работи Сектор Водовод КОМУНАЛЕЦ Кавадарци 3

јавно претпријатие за комунални работи
КОМУНАЛЕЦ
К А В А Д А Р Ц И

ЈП Комуналец Кавадарци
Индустриска бб, 1430 Кавадарци
тел: 043 410 351,043 414 531
факс:043 410 351
info@jpkomunalec.com.mk



Јавно претпријатие за комунални работи
Сектор Водовод
КОМУНАЛЕЦ
Кавадарци
3

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup

Примено 29.05.2023
Славица М.

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup
БР./Nr. 2001-1808/2
19-05-2023 20___ год./vit
Скопје-Shkup

До **Градежен институт Македонија - Скопје**
Ул. "Дрезденска" бр. 52, 1000 Скопје, Р.С. Македонија

Предмет: Одговор на Барање

Во врска со Вашиот допис бр. 1005-316/10 од 18.04.2023 год. и број на постапка 51556 од е-урбанизам со кое барате да Ви доставиме податоци,информации и мислење за изработка на **"Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за дислокација на дел од доводен цевковод за МХЕЦ-3 ХС Бошава,Општина Кавадарци."**, ЈП ЖРСМ Инфраструктура - Скопје, Ве информира следново:

По разгледување на Вашето барање и доставената Ажурирана геодетска подлога, констатиравме дека проектниот опфат се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничката пруга.

ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје нема забелешки по истиот.

Со почит,

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ
Примено: 29-05-2023
Орг. Един. | Број: 1005 | Прилог: 316/16 | Време:

Помошник Директор за пруги

Driton Rusi

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrja Publike e Hekurudhës e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup

Регистрирано: год.
Потпис,
20___ год.
Скопје

Изработил: Ксенија Камческа

Проверил: Ѓорѓи Пушев

Согласен: Весна Стеваноска

МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје

Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811

Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814

Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813

Ф: + 389 (0) 2 3 111 160

www.mepso.com.mk

До

Градежен институт Македонија

ул. Дрезденска бр.52

Скопје

Бр.11-2499/1

25.04.2023

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Врз основа на Вашето барање бр. 1005-316/10 од 18.04.2023 год., предмет креиран на Е-урбанизам на 18.04.2023 година со број на постапка 51556 (наш број 11-2499 од 20.04.2023 година) за податоци и информации потребни за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за дислокација на дел од доводен цевковод за МХЕЦ-3 ХС Бошава во Општина Кавадарци, Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Александар Костевски

Проверил: Јасмина Ставрова

Eli Popovska

Digitally signed by Eli Popovska
Date: 2023.04.25 09:41:18 +02'00'

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС
и геодетски работи

Проследете
3.07.2023
Христина Славица

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Сектор за недвижности
Sektori për Patundshmëri
Бр.-Nr. 18/2 - 1335/7
27-06-2023 20
Скопје-Shkup

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Градежен институт Македонија АД
ул.„Дрезденска“ бр.52
1000 Скопје

Министерство за одбранана
Република Северна Македонија

Сектор за недвижности
Одделение за недвижности

бул. Св.Климент Охридски, бр 15
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3282571
Сајт: www.mod.gov.mk

Предмет: Податоци и информации, доставува,-
Врска: Ваше барање број 1005-316/10 од 18.04.2023 година,-

Во врска со горе наведеното Ваше барање кое се однесува на изработка на проектна документација Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за дислокација на дел одводен цевковод а МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци. Општина Чучер Сандево, Ве известуваме дека не располагаме со техничка документација за кабелски инсталации.

Со почит,

Изработил: Александар Марковски

СЕКТОР ЗА НЕДВИЖНОСТИ
Помошник раководител
Билјана Ефтимова

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ

Примено: 03-07-2023			
Орг. Един.	Број:	Прилог	Влез
1005	316/18		

Во акта - Арх. знак:
Рок на чување: год.
Потпис,
20 год.
Скопје

Геотехника
Геотехника
04.05.2023г.

Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи

- Оддел за информатика и телекомуникации-
Сектор за телекомуникации

Рег. бр. 11.43708/2
Скопје, 26.04.2023

28 -04- 2023

До:
ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА А.Д.
Ул. Дрезденска 52
1000 Скопје

Предмет: Одговор по барање податоци за постоечки инсталации, доставува.-
Врска: Ваш акт 1005–316/10 од 18.04.2023

Во врска со Вашето барање , Ве известуваме дека на посочената локација (**Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за дислокација на дел од доводен цевковод за МХЕЦ-3 Бошава, Општина Кавадарци**) немаме податоци за постоење на наша телекомуникациска инфраструктура. Доколку во текот на изведбените работи се појават телекомуникациски инсталации, задолжително да бидеме известени.

Лице за контакт: - Ефтим Панов 072/228-556 лок. 37-00

Со почит

НАЧАЛНИК НА СЕКТОР
Јане Стојанов

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА АД

Примено: 04 -05- 2023		
Орг. Един.	Број:	Прилог:
0905	316/12	

Подготвил: Ефтим Панов
Согласен: Дејан Костадинов

Изработено во: 1 (еден) примерок
и 1 (една) копија и доставено до:
- Примател - примерок 1
- Архива на сектор – копија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост

ул. Булевар Свети Климент Охридски бр.54, Скопје,
поштенски фах: 583
тел. 02 6090-137, 02 3117 555
e-mail: contact@nomagas.com.mk
www.nomagas.com.mk
ЕМБС: 7649401

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike përçimi i gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore

Бр.-Nr. 15 - 2008/2
18.04 20 23 год.viti.
Скопје-Shkup

До: **Градежен институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје**

Предмет: **Одговор на барање**

Врска: **Барање на податоци, информации и мислење,** ваш бр.1005-316/10 од 18.04.2023 година

Согласно вашето Барање на податоци, информации и мислење, ваш бр.1005-316/10 од 18.04.2023 година, за изготвување на ПИМ- УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДИСЛОКАЦИЈА НА ДЕЛ ОД ДОВОДЕН ЦЕВКОВОД ЗА МХЕЦ-3 ХС БОШАВА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

НОМАГАС АД Скопје ве известува дека на наведениот плански опфат нема и не е планирана изградба на гасоводна мрежа и дава позитивно мислење

Со почит,

Изработил:
Сашо Јовчески, 51556

НОМАГАС АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем
Оливера Костанчева

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

До:
ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА

Арх.Бр. 11-3104/2
Дата: 10.05.2023 година
Кавадарци

Република
Северна Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито 6б
1430 Кавадарци,
Република
Северна Македонија
Тел. 043/ 416-130
Факс 043/416-130
e-mail:
opshtina@kavadarci.gov.mk2871

ПРЕДМЕТ: Одговор на барање информации и мислење

Почитувани,

Во одговор на барањето бр.11-3104/1 од 09.05.2023 година кое е поднесено во информацискиот систем е-урбанизам, како барање податоци, информации и мислење, за истите да ви бидат доставени во врска со изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за дислокација на дел од доводен цевковод за МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци, Ве информираме дека проектниот опфат зафаќа дел од проект за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрична централа со референтен број 3, со пропратни објекти КО Ваташа, Општина Кавадарци, со тех.број 151/13, одобрен од Министерство за транспорт и врски со број 7900/2 од 16.08.2013 година и измена на горенаведениот проект за инфраструктура е во надлежност на Министерството за транспорт и врски.

Со почит.

Општина Кавадарци
Раководител на сектор
дги Александра Деневска

Изработил,
м-р.инж.арх. Марија Данаилова

Контролирал:
дипл.правник Ефтимчо Петровски

Просследуваме 22.06.2023 год.
Славица Ч.

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

СЕКТОР ЗА ПРИРОДА - SEKTORI I NATYRËS

Арх. Бр./Nr.Arh. 11-2827/4

Дата/Data: 15.05.2023 год./viti

ДО/DERI TE: ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА АД

Дрезденска 52,

1000 Скопје

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ
22-05-2023

Бин.	Број:	Прилог:	Вредност:
1005	316/15		

ПРЕДМЕТ/LENDA: Известување

год.
Потпис,
год.

ВРСКА/LIDHJA: Ваш бр. 1005-316/10 од 18.04.2023 год.
Наш бр.11-2827 од 24.04.2023 год.

Почитувани,
I nderuar,

Во врска со доставениот допис со акт бр. 11-2827/1 од 24.04.2023 годинадоставено од страна Градежен Институт Македонија од Скопје кое се однесува на барање на податоци и информации за изработка на проектна документација Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за дисколокација на дел од доводен цевковод за МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци, Република Северна Македонија.

Секторот за природа при Управата за животна средина како орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање од аспект на своите надлежности од областа на заштита на природата и увидот на доставената документација, Ве известува за следното:

Врз основа на приложената документација од Ваша страна – Ажурирана геодетска подлога со нанесен проектен опфат и мислењето од страна на Службата за просторен информативен систем (допис бр. 16-2827/3 од

08.05.2023) констатирано е дека просторот на горенаведената предметната локација не влегува во граници на заштитено подрачје утврдено со закон, Емералд подрајче и идентификувано Натура 2000 подрајче.

Согласно Извештај за проектна активност Ref. RFP 79/2009 „Развој на репрезентативна мрежа на заштитени подрачја од ГЕФ/УНДП проектот: „Зајакнување на еколошката, институционалната и финансиската одржливост на системот на заштитени подрачја (2011), Моклишко Езеро е евидентирано како новопредложено подрајче за заштита. На ова подрачје од аспект на биолошката разновидност значајно е присуството на грабливи птици, видрата и неколку значајни видови вилински коњчиња.

Со почит,
Me respekt

МИНИСТЕР/MINISTER
Каја Шукова

Изработил/Përpiloi: Isuf Fetai
Проверил/Kontrolluar: м-р Сашко Јорданов
Согласен/Miratoi: м-р Влатко Трпески

Управа за животна средина/Drejtoria për mjedis jetësor
Директор/Drejtor
Hisen Xhemaili

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 51556
Дата: 25.04.2023

До
Градежен Институт Македонија
Ул. Дрезденска 52, 1000 Скопје

Ваше упатување Барање на податоци и информации

Наше контакт лице Перо Ѓорѓески, Елизабета Манева

Телефон +389 70 200 736; +389 70 200 571

Во врска со Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,
Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДИСЛОКАЦИЈА НА ДЕЛ ОД ДОВОДЕН ЦЕВКОВОД ЗА МХЕЦ-3 ХС БОШАВА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Со почит,

Македонски Телеком АД Скопје

По овластување на

Директор на сектор за пристапни мрежи

Васко Најков

NIKOLChE TASEVSKI Digitally signed by NIKOLChE TASEVSKI Date: 2023.04.26 07:46:12 +02'00'

Проверено Славица
18.05.2023

Република Северна Македонија

Министерство за култура

УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Бр. 17 – 1411/2
05.05. 2023 година
Скопје

ДО

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА

ул „Дрезденска“ бр. 52

1000 Скопје

Предмет: Доставување податоци
Врска: Ваше барање бр. 1005 - 316/10 од 18.04.2023 година.

Во врска со вашето барање за добивање податоци за постоење на културно наследство за изработка на проектна документација Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за дислокација на дел од доводен цевковод за МХЕЦ-3 ХС Бошава, општина Кавадарци, Управата за заштита на културното наследство ја разгледа доставената и постојната документација и констатира дека во границите на опфатот не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при реализацијата на планот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија” бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА А.Д. СКОПЈЕ
Примено: 18-05-2023

Орг. Един.	Број:	Прилог	Вредност:
1005	316/14		

Со почит,

в.д. Директор,
м-р Зоран Павлов

Изработил: З. Тодоровски
Проверил/Одобрил: м-р Б. Јовановска

Управа за заштита на културното наследство
Directorate for Protection of Cultural Heritage

ул. „Павел Шатев “ бр. 3, Скопје; П.Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

АД Водостопанство на РСМ - Скопје
SHA Ekonomia e Ujërave të RMV-Shkup

ул. 3 - та Македонска бригада 1 бр.10 а Скопје тел. 02/5116-401;02/5116-402
rr. Brigada e 3- të Maqedonase 1 nr. 10 a Shkup tel. 02/5116-401; 02/5116-402
jpvodostopanstvo@yahoo.com / advodostopanstvo_rm@hotmail.com

Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост
Shoqëria Aksionare Ekonomia e Ujërave e Republikës së Maqedonisë së Veriut në pronësi shtetërore
Бр.-Nr. 11-881/3
12.05 2023 год./viti
Скопје/Shkup

ДО: Градежен институт Македонија
Ул. „Дрезденска" бр. 52, 1000 Скопје

Предмет: Известување
Врска: Ваш бр. 1005-316/10 од 18.04.2023 и наш бр. 881 од 24.04.2023

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани,
Во врска со вашето барање со Ваш бр. Ваш бр. 1005-316/10 од 18.04.2023 и наш бр. 881 од 24.04.2023 за издавање на податоци и информации за постоечки и планирани објекти кои се во надлежност на АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје, а имаат влијание во постапката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за дислокација на дел од доводен цевковод за МХЕЦ3 – ХС Бошава, Општина Кавадарци,

Ве известуваме:
АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје, во границите на планскиот опфат за изработка на Урбанистички проект Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за дислокација на дел од доводен цевковод за МХЕЦ 3 – ХС Бошава, Општина Кавадарци, **нема свои објекти и инфраструктура.**

Со Почит,

Изработил: Мирјана Чемкова
Контролирал/ Одобрил:
Коста Малзарков

АД „Водостопанство на РСМ" – Скопје
SHA „Ekonomia e Ujërave të RMV" - Shkup
Главен извршен директор
Drejtor Gjeneral Ekzekutiv
Llokman Limani

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ

Примено: 18-05-2023			
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност
1005	316/13		

2. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

А-ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. Површина и опис на границата на проектниот опфат со географско и геодетско одредување на неговото подрачје

Предметниот проектен опфат се наоѓа во Тиквешкиот регион, во јужниот дел на Р.С. Македонија во границите на КО Ваташа, Општина Кавадарци.
Проектниот опфат во КО Ваташа опфаќа дел од КП 3592/ 1, КП 3592/ 2, КП 3595, КП 3654/ 1, КП 3654/ 3, КП 3654/ 4, КП 3709/ 2 и КП 3709/ 5. Површината на проектниот опфат изнесува: **19195.46м² (1.92ha)**.
Границите на предметниот проектен опфат се дефинирани со следните координати:

x	y
7589079.73	4581674.56
7589124.31	4581670.95
7589136.85	4581664.29
7589141.42	4581658.19
7589096.44	4581463.96
7589145.15	4581452.68
7589195.38	4581669.58
7589170.16	4581703.21
7589138.65	4581719.96
7589128.86	4581726.29
7589022.56	4581729.35
7589018.53	4581679.51
7589043.41	4581677.50
7589049.79	4581662.10
7589079.83	4581674.61

Предметниот проектен опфат е со основна класа на намена - **Е1.5 (Инфраструктури на водоснабдувањето),** согласно член 77, став 1 од Правилникот за стандарди и нормативи за Урбанистичко планирање (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 111/23) односно
Е1.5 Доводи на вода и водоводни мрежи

Дел од предметниот проектен опфат навлегува во проектниот опфат од одобрениот **Проект за инфраструктура за изградба на цевковод и мала хидроелектрична централа со референтен број 3, со пропратни објекти, КО Ваташа, Општина Кавадарци** (тех.бр. 151/13), одобрен од Министерство за транспорт и врски (одобрение бр.7900/2 од 16.08.2013) со Решение за Услови за планирање на просторот бр.15-9123/4 од 3.12.2012.

Добиени се и Услови за планирање на просторот (Y 31923 од Јули 2023 год) од страна на Агенција за планирање на просторот и Решение за услови за планирање на просторот (арх.бр. УП1-15 1624/2023 од 24.07.2023 год.)

2. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина

Согласно допис бр.11-3104/2 од 10.05.2023 год. Општина Кавадарци не известува дека предметниот проектен опфат зафаќа дел од проектниот опфат од **Проект за инфраструктура за изградба на цевковод и мала хидроелектрична централа со референтен број 3, со пропратни објекти, КО Ваташа, Општина Кавадарци** (тех.бр. 151/13), одобрен од Министерство за транспорт и врски (одобрение бр.7900/2 од 16.08.2013) со Решение за Услови за планирање на просторот бр.15-9123/4 од 3.12.2012.

Министерство за транспорт и врски со допис со арх.бр.67-3075/2 од 07.06.2023 год. ни го доставува одобрениот **Проект за инфраструктура за изградба на цевковод и мала хидроелектрична централа со референтен број 3, со пропратни објекти, КО Ваташа, Општина Кавадарци.**

За делот кој е надвор од границите на одобрена планска документација, издадени се **Услови за планирање на просторот (технички број Y31923)** од страна на Агенција за планирање на просторот и **Решение за услови за планирање на просторот** (арх.бр. УП1-15 1624/2023 од 24.07.2023 год.)

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

3. Податоци за природни чинители

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата,а без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

- **Природни и климатски карактеристики**

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошките, педолошките, хидрографските, сеизмичките, климатските и др.

Областа Тиквеш и Повардарие каде е лоцирана предметната локација се наоѓа под влијание на медитеранска клима која продира од југ преку демиркаписката клисура и на континентална клима која продира од север преку велешката котлина.

Судирот на две различни климатски влијанија создава модифицирана медитеранска клима со следни карактеристики: просечна годишна температура на воздухот 13,5°C; највисока просечна месечна температура во јули и август; најниска просечна месечна температура во јануари 1,4°C;

годишна средномесечна температура над O^0C; број на мразни денови (под O^0C) е 58,4 дена; средно траење на мразен период изнесува 112 дена; температурна амплитуда од 59,6°C, односно апсолутна максимална температура 41,8°C (август) и апсолутна минимална температура -17,8°C (јануари).

Должина на траењето на сончевиот сјај (осончување) годишно за средно Повардарие изнесува 2230 часови со максимум во месеците јули и август.

Плувиометриските анализи покажуваат дека ова подрачје е лоцирано во најсушното подрачје во Републиката со следни карактеристики: просечна годишна сума на врнежи изнесува 437mm, максимална сума на врнежи по месеци 61,2mm во октомври, минимална сума на врнежи по месеци 47,5mm во мај, поројни врнежи од локален карактер од мај до септември, дневен максимум 97mm. Просечна годишна влажност на воздухот е 71%. Просечен број на ведри денови е 118 дена, облачни 153 и тмурни 94 дена.

Интензитетот на дневниот максимум условува создавање на големи поројни води кои создаваат посебни проблеми во градот.

Снежниот покривач се јавува од декември до март или вкупно 71 ден во годината, а стварниот број на денови со снежен покривач изнесува 21 ден. Максимално регистрирана висина на снежниот покривач достигнува 93cm.

Воздушните струења имаат најголема честина од насоките север и северо-запад.

Струењата од северна насока имаат следни особености: просечна годишначестина 145%0, средна јачина 2 бофори, максимална јачина 10 бофори, просечна брзина 2,2 - 3,4m/s, максимална регистрирана брзина 27,Sm/s.

Струењата од севера-запад имаат следни карактеристики: просечна годишна честина 118%0, средна јачина 2,1 бофори, максимална регистрирана јачина 10 бофори, просечна брзина 2,бm/s.

- **Сеизмички каракетристики**

Сеизмичките појави - земјотресите се доминантни природни непогоди во Државата, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата. Присутни се низ вековите, на десет сеизмички жаришта во земјата или во нејзината поблиска и поширока околина. Земјотресите со умерени магнитуди (M<6,0) можат да предизвикаат сериозни разурнувања, бидејќи традиционално градените објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања. Историските податоци покажуваат дека силните земјотреси генерирани на територијата на државата се проследени и со појава на колатерални хазарди (ликвификација, одрони, свлечишта, пукнатини, раседници, померувања), со доминантни одрони и свлечишта, што уште повеќе ги зголемува негативните последици на земјотресите.

Во досегашниот просторен развој на Републиката, природните богатства, географските, морфолошките и другите погодности имале доминантно влијание врз изградбата и уредувањето на нејзината територија, без оглед на

присутните сеизмички ризици. Тоа создава конфликтна ситуација во која најголемите градови, најголем број на населението, индустриските капацитети и најзначајните комуникации, како што се коридорите север - југ и исток - запад, се лоцирани во зоните со најголема сеизмичност (интензитет од VII - X степени на МКС -64).

Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките,условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

4. Податоци за создадени вредности и чинители

Создадените вредности, како чинители кои можат да влијаат врз развојот на просторот во рамките на опфатот на планот, го опфаќаат демографскиот состав, начинот на животот на населението, економскиот развој, сообраќајна поврзаност, инфраструктура, културноисториско, здравствено-социјални како и употребата на земјиштето во рамките на проектниот опфат.

- **Економски основи на просторниот развој**

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на производните и услужни дејности во "Просторниот план на Република Македонија" се темели на дефинираните цели на економскиот развој во "Националната стратегија на економскиот развој", определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на економските дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Државата во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори.

Концепцијата на просторната организација на производните и услужни дејности поаѓајќи од објективните фактори, пазарните услови, доминацијата на приватната сопственост во економскиот систем и одлуките на државните и локалните органи, се остварува како комбинација на концентрацијата на стопанството на одделни места и дисперзија во просторот кои се комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на економските дејности.

Со разместувањето на производните и услужни дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Кавадарци со гравитационо влијание врз локацијата за која се наменети Уславите за планирање на просторот.

Половите на развој ги формираат оските на развојот детерминирани од географските карактеристики на просторите, т.е. релјефот, теченијата на реките и слично, а во современите текови позначајни се деловните односи, комуникациите, како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Со Просторниот план на Р Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантна за Општината на чиј простор припаѓа планскиот опфат за кој се наменети Условите за планирање е "Јужната развојна оска" која што досега е ретко споменувана, но во иднина со ефектуирањето на сите претпоставки за развој, ќе го потврдува своето значење. Оваа развојна оска ги поврзува градовите: Струга - Охрид - Ресен - Битола - Прилеп - Кавадарци - Неготино - Штип - Кочани - Делчево и продолжува кон Благоевград во Р Бугарија. На запад продолжува кон Елбасан - Р Албанија. Нема големи изгледи да стане меѓународна, но внатре во земјата таа поврзува значајни полови на развој.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на Државата.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за алокација на производни и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на развојните фактори.

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.

Реализација на документацијата наменета за дислокација на дел од доводен цевковод МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци, ќе овозможи подобрување на инфраструктурните услови во ова подрачје и ќе биде во функција на унапредување на водоводниот сектор.

Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на планскиот опфат.

- **Користење и заштита на земјоделско земјиште**

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што 1<.е се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети.

Согласно Просторниот план на Република Македонија, просторот на Републиката е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно- медитерански со 10 микрореони.

При изработка на предметната документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од 1-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Пренамената на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми веднаш по заверка на истите до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

- **Водостопанство и водостопанска инфраструктура**

Планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот во РС. Македонија треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Стратегијата за користење на водата и развој на водостопанството е условена од фактот дека Републиката е сиромашна со вода поради што треба рационално да се користи и троши. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за „воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и заштитата на живиот свет. Водата како „ресурс" ја има многу помалку од „присутните води".
Согласно Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): ,,Полог", ,,Скопје",„Треска", ,,Пчиња", ,,Среден Вардар", ,,Горна Брегалница", ,,Средна и Долна Брегалница", ,,Пелагонија", ,,Средна и Долна Црна", ,,Долен Вардар", ,,Дојран",„Струмичко Радовишко", ,,Охридско - Струшко", ,,Преспа" и „Дебар". Оваа поделба овозможува пореално да се согледаат расположивите и потребните количини на вода.
Просторот за дислокација на дел од доводен цевковод МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци, се наоѓа во сливот на Црна Река, поточно во ВП „Средна и Долна Црна Река" кое го опфаќа сливот на Црна Река од водомерниот профил ,,Скочивир" до вливот на реката во Вардар.

<u>За подобрување на режимот на водотеците, но и за целосно искористување на нивниот хидроенергетски потенцијал во ВП „Средна и Долна Црна" изградена е акумулацијата Тиквешка Езеро на Црна Река со корисен волумен од 3,lxl0^{6}m^3. Основна намена на водите од акумулацијата е наводнување на обработливите површини во Тиквешка Поле и производство на електрична енергија.</u>
Во идниот период во ова ВП се предвидува изградба на акумулациите Макарија, Галиште и Чебрен на Црна Река чии води ќе бидат наменети за производство на електрична енергија, за наводнување на обработливите површини и за подобрување на режимот на протеците на водотеците.
Просторот за дислокација на дел од доводен цевковод МХЕЦ-3 ХС Бошава минува преку речното корито на Студена Вода. При изработката на документацијата и нејзината реализација да се предвидат и применат мерки за заштита на сливните подрачја со цел да се избегне деградирање на просторот кое може да предизвика појава на суводолици, ерозија или свлечишта.

- **Енергетика и енергетска инфраструктура**

Од аспект на енергетиката и енергетската инфраструктура со Просторниот план на Република Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Републиката. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.
Според статистичките податоци последниве години во Републиката над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрувањето на енергетската ефикасност. Европската регулатива "Европа 2020" за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.
Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значајен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична можност. РС Македонија досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила), а во план е градбата на вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на РМ, траса на водот од Скопје5 кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Србија.

- **Гасовод**

Природниот гас, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Републиката. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти и течни горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.
Изградениот крак)Кидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-СМакедонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Републиката и

поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Републиката, но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

При проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем се изгради делница-1 Клечовце-Штип-Неготино со што ќе се овозможат поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион.

Трасата на делницата-1 минува на 11km северно од оваа локација.

Заради зголемување на сигурноста во снабдувањето со нафта и нафтени деривати на Републиката изграден е нафтоводот Скопје-Солун со кој се овозможува транспорт на два милиони тони сирова нафта од пристаништето во Солун до Рафонеријата ОКТА.

Трасата на изведениот нафтовод Скопје-Солун минува на 8,8km северо-источно од оваа локација.

- **Население**

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на населението.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека популациската политика преку систем на мерки и активности треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне оптимализација во користењето на просторот и ресурсите, хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси **и** потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

- **Домување**

Во Просторниот план на Република Северна Македонија, функцијата домување е детерминирана како една од основните функции во населбите, најголем потрошувач и корисник на просторот, основна содржина на населбите и основен елемент на просторното и урбанистичко планирање. Домувањето општо, а станбената изградба посебно е битна компонента на социјалниот и општествениот развој, организација и уредување на просторот и подигнување на животниот стандард на населението.

Основните цели на домувањето се во функција на оптимална проекција на станбениот простор, а се однесуваат на:

- Обезбедување стан за секое домаќинство,
- Подобрување на станбениот стандард во поглед на површина, број на соби, градежни карактеристики и комунална опременост на становите;
- Изградба на адекватна инфраструктура во функција на поквалитетен стандард на домување;
- Обнова, реконструкција и ревитализација на стариот станбен фонд, заради подобрување на условите за домување и подигање на квалитетот на станбениот фонд;
- Замена на субстандардниот станбен фонд;
- Организирање на становите како хумано уредени простори со соодветни придружни објекти за деца и возрасни;
- Обезбедување поволни финансиски услови за решавање на станбениот проблем, преку одобрување поволни кредитни услови за станбена изградба;
- Користење на градежни материјали без негативни влијанија врз квалитетот на водите;
- Изнаоѓање модуси и дефинирање на критериуми за надминување на појавата на бесправна изградба.

Со обезбедување на соодветна *комуналната опременост* на становите

(опременост со основни инсталации) и изградба на адекватна инфраструктура во зоните со намена домување ќе се третираат и правилно доведуваат водите од резервоарот.

Иницијативата за дислокација на дел од доводен цевковод МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци, ќе биде во контекст на овозможување на поквалитетен стандард на домување. Количината на потребното снабдување со вода во зоните на домување се базира на бројот на население и станбениот фонд во населбата која се приклучуваат на постојната водоводна мрежа која треба да се изгради. Се препорачува обезбедување на соодветна комунална опременост на становите (опременост со основни инсталации) и изградба на адекватна инфраструктура во зоните со намена домување за правилно третирање на водите од мрежата.

- **Индустрија**

Развојот и просторната разместеност на индустријата претставува значаен фактор за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на индустриските дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Со планскиот и организиран начин на ширењето на инфраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се остварува просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.

Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.

Врз овие основи, во наредниот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.

Реализација на документацијата наменета за дислокација на дел од доводен цевковод МХЕЦ- 3 ХС Бошава, Општина Кавадарци, ќе биде во функција на подобрување на инфраструктурните услови за обавување на производните активности во ова подрачје. Факторите за развој како што е инфраструктурата, прометните врски, пазарот и другите расположиви ресурси, овозможуваат остварување на определбите предвидени со Просторниот план на Р Македонија за дисперзија на индустријата и за локација на индустриските капацитети во просторот околу градовите и општо во поширокиот рурален простор. При тоа треба да се има во предвид определбата во планскиот просторен развој на индустријата за примена на принципите и стандардите на заштита на животната средина и одржлив развој.

- **Сообраќај и врски**

Комуникациската мрежа на Република Северна Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели **и** организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Републиката, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерната поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за *екстернотоповрзување* на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на РС Македонија се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со "Е" ознака на патиштата, на досега изградената магистрална **и** регионална патна мрежа, како **и** на определбите од долгорочната стратегија за развој.

Мрежата на патишта "Е" ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: Е-65, Е-75, Е-850, Е-871.

На автопатската и магистралната патна мрежа сенадоврзуваат *регионалните патишта,* што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Републиката.

Релевантен регионален патен правец за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегува во групата на регионални патишта "РІ" и е со ознака:

- Р1107 - (Градско-врска со АІ-Росоман-Кавадарци-Мушов Гроб-Витолиште- Лагово-врска со АЗ и делница Мајдан-гр.со Р.Грција).

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Републиката, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската мш<. на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.

При изработка на планската документација од аспект на безебедноста во Патниот сообраќај, да се почитуваат Законот за јавни патишта, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

Урбанизација и мрежа на населби

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Северна Македонија.
Основните плански определби за развој на населбите во планскиот период се залагаат за сеопфатен и значително порамномерно распределен просторен развој кој, во најголем дел, ќе се одвива во рамките на полицентричен, хиерархиски избалансиран систем на населени места. Во таквиот систем посебен акцент се става на забрзаниот развој на помалите урбани и рурални населби, особено оние во градските опкружувања, како и населбите од ридско-планински, карактер, погранични и недоволно развиени населби.

Насоките на Просторниот план се залагаат за:

- зголемено ниво на функционална и комунална опременост и планско уредување на селските населби, подобрување на локалната инфраструктура и ефикасна комуникациска поврзаност со центрите од повисоко ниво;
- создадавање на услови за рехабилитација и афирмирање на руралниот начин на живеење преку инфраструктурно екипирање на селските населби и ефикасно сообра1<.ајно и комуникациска поврзување.

Иницијативата за дислокација на дел од доводен цевковод МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.
Просторниот план во делот на населби и систем на населби се залага за премин од квантитативна во квалитативна фаза на урбанизација во која ќе бидат интензивирани позитивните промени во просторно-физичкиот и функционален развој на неселените места и инфраструктурната екипираност на просторот.

5. Инвентаризација на земјиштето, на изградениот градежен фонд , вкупната физичка супраструктура во проектниот опфат

Во рамките на предметниот проектен опфат , согласно ажурираната геодетска подлога нема изграден градежен фонд.

6. Инвентаризација на градби со режим на заштита на културно наследство , постојни споменички целини , културни предели и друго

Согласно Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 29/16), видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменички целини и културни предели.
Со допис бр. 17-1411/2 од 05.05.2023 год , Управата за заштита на културно наследство при Министерството за култура, не известува дека во границите на предметниот проектен опфат не постои културно наследство ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

7. Инвентаризација на изградена комунална инфраструктура

Инфраструктурата ја дефинираат следните водови:

- Сообраќајна мрежа
- Водоводна мрежа
- Електрична мрежа
- Телекомуникациска мрежа
- Гасоводна мрежа

- **Сообраќајна мрежа**

Низ границите на предметниот проектен опфат, според податоците од ажурираната геодетска подлога има постоечки земјен прикажан во графичкиот дел од документационата основа.

Со допис бр. 2001-1808/2 од 19.05.2021 год. **ЈП Железници - инфраструктура** не известува дека предметниот проектен опфат се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничката пруга и нема забелешки по истиот.

- **Хидротехничка мрежа**

Согласно допис бр.09-1003/1 од 03.05.2023 год. ЈП Комуналец – Кавадарци , во рамките на предметниот проектен опфат има постоечка инфраструктура .

- **Електроенергетска мрежа**

Согласно податоците од **ЕВН** (допис бр.10-22/5-223 од 04.05.2023 год.) во рамките на предметниот проектен опфат има електроенергетски инсталации кои се во нивна надлежност, прикажани во графичките прилози.
Според известувањето од **АД МЕПСО** (допис бр.11 - 2499/1 од 25.04.2023 год) предметниот проектен опфат не се пресекува со објекти во нивна сопственост.

- **Телекомуникациска мрежа**

Низ предметниот проектен опфат согласно податоците од **Македонски Телеком** (допис бр.51556 од 25.04.2023 год) нема постојна МКТ инфраструктура

Согласно допис бр. 19/2 -1335/7 од 27.06.2023 год. **Министерство за одбрана** не известува дека во рамките на предметниот проектен опфат не располага со техничка документација за кабелски инсталации.

Министерство за внатрешни работи , со допис бр. 11. 43708 /2 од 26.04.2023 год. не известува дека нема податоци за постоење на телекомуникациска инфраструктура. Доколку во текот на изведбените работи се појават телекомуникациски инсталации , задолжително да се извести Министерство за внатрешни работи.

- **Гасоводна мрежа**

НОМАГАС со допис бр.15-2008/2 од 18.04.2023 год . не известува дека на предметниот проектен опфат нема и не е планирана изградба на гасоводна мрежа и дава позитивно мислење.

Други податоци од субјектите од член 47 од Законот за урбанистичко планирање, релевантни за подрачјето во планскиот опфат

- Со допис бр. 11-2827/4 од 15.05.2023 год. **Министерството за животна средина и просторно планирање, Сектор природа при Управата за животна средина**, од аспект на своите надлежности од областа на заштита на природата , констатирано е дека просторот на предметниот проектен опфат не влегува во граници на заштитено подрачје утврдено со закон, Емералд подрачје и идентификувано Натура 2000 подрачје.

Согласно Извештај за проектна активност Ref RFP 79/2009 ,,Развој на репрезентативна мрежа на заштитени подрачја од ГЕФ/УНДП проектот : ,,Зајакнување на еколошката, институционалната и финансиската одржливост на системот на заштитени подрачја (2011) , Моклишко езеро е евидентирано како новопредложено подрачје за заштита.На ова подрачје од аспект на биолошката разновидност значајно е присуството на грабливи птици , видрата и неколку значајни видови вилински коњчиња.

- Со допис бр.11-881/3 од 12.05.2023 год. **АД Водостопанство** не известува дека во рамките на предметниот проектен опфат нема свои објекти и инфраструктура.

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА			
РЕД. БРОЈ	НАМЕНА НА ПОВРШИНИ	ПОВРШИНА (м²)	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ(%)
1	**Земјен пат**	**1288.45**	**6.71%**
2	**Неизградено земјиште**	**17907.01**	**93.29%**
ПРОЕКТЕН ОПФАТ:		**19195.46**	**100%**

Август,2023 год

Славица Чавдаровска Наумова, дипл.инж.арх.

_____

Б-ГРАФИЧКИ ДЕЛ

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

До:
ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА

Арх.Бр. 11-3104/2
Дата: 10.05.2023 година
Кавадарци

Република
Северна Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито 6б
1430 Кавадарци,
Република
Северна Македонија
Тел. 043/ 416-130
Факс 043/416-130
e-mail:
opshtina@kavadarci.gov.mk2871

ПРЕДМЕТ: Одговор на барање информации и мислење

Почитувани,

Во одговор на барањето бр.11-3104/1 од 09.05.2023 година кое е поднесено во информацискиот систем е-урбанизам, како барање податоци, информации и мислење, за истите да ви бидат доставени во врска со изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за дислокација на дел од доводен цевковод за МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци, Ве информираме дека проектниот опфат зафаќа дел од проект за инфраструктура за изградба на мала хидроелектрична централа со референтен број 3, со пропратни објекти КО Ваташа, Општина Кавадарци, со тех.број 151/13, одобрен од Министерство за транспорт и врски со број 7900/2 од 16.08.2013 година и измена на горенаведениот проект за инфраструктура е во надлежност на Министерството за транспорт и врски.

Со почит.

Општина Кавадарци
Раководител на сектор
дги Александра Деневска

Изработил,
м-р.инж.арх. Марија Данаилова

Контролирал:
дипл.правник Ефтимчо Петровски

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

за дислокација на дел од доводен цевковод МХЕЦ-3 ХС Бошава, КО Ваташа

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y31923

Скопје, јули 2023

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



0 0.225 0.45 0.9 Km

1:15,000

Општинска граница

Катастарска граница

Објекти за водоснабдување-Y06311

МХЕЦ со пропратни објекти-Y29712



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

- Центар на макрорегион
- Центар на микрорегион
- Центри на просторно-функционални единици
- Управа
- Просторно-функц. единици
- Граници на влијанија на макрорегион. центри
- Општински центар

Образование
- Средно
- Вишо
- Високо

Здравствена заштита
- 2 Секундарна
- 3 Терцијална

Оски на развој
- источна
- јужна
- север-југ
- северна
- западна

- Слободна економ.зона
- Автопат
- Магистрален пат
- Регионален пат
- Железничка мрежа
- Воздухоплов. пристан.
- Стопански аеродром
- Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Извориште
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани
- Далноводи: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Трафостаници: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 1624/2023

Дата: ..24..-07-..2023.....

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Министерството за транспорт и врски му се издаваат **Услови за планирање на просторот за дислокација на дел од доводен цевковод за МХЕЦ-3 од ХС Бошава, Општина Кавадарци**.

- Должината на трасата на цевководот изнесува **0,3 км.** и се наоѓа на делови од КП 3592/1, КП 3592/2, КП 3595, КП 3654/1, КП 3654/3, КП 3654/4, КП 3707/2 и КП 3709/5.
- Низ планскиот опфат минуваат траси за кои што има издадено Услови за планирање на просторот, со тех. бр. Y06311 и Y29712.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y31923** се составен дел на Решението.
3. Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 225/20, 219/21 и 104/22).
4. Условите за планирање на просторот за дислокација на дел од доводен цевковод за МХЕЦ-3 од ХС Бошава, Општина Кавадарци содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 89/22 и 171/22) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.
6. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за неспроведување на Стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно неспроведувањето, согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за неспроведување на стратегиска оцена за предметната документација за дислокација на дел од доводен цевковод за МХЕЦ-3 од ХС Бошава, Општина Кавадарци, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Министерството за транспорт и врски, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 53055 од 13.06.2023 год., до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за дислокација на дел од доводен цевковод за МХЕЦ-3 од ХС Бошава, Општина Кавадарци.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за дислокација на дел од доводен цевковод за МХЕЦ-3 од ХС Бошава, Општина Кавадарци и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1624/2023 од 20.07.2023 година.

Условите за планирање на просторот за дислокација на дел од доводен цевковод за МХЕЦ-3 од ХС Бошава, Општина Кавадарци претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

МИНИСТЕР
Каја Шукова

Изготвил: Дејан Гаџовски

Одобрил: Соња Фурнаџиска

Согласен: Дајана Марковска Ристеска

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија

Министерство за транспорт и врски

Сектор за уредување на просторот

07 Јуни, 2023 година

Архивски број: 67-3075/2

До: Градежен Институт Македонија

Ул. „Дрезденска“ бр. 52, 1000 Скопје

Предмет: Доставување на одобрен Проект за инфраструктура

Врска: Наш број 67-3075/1 од 31.05.2023 година

Ваш број 1005-316/10 од 23.05.2023 година

Почитувани,

До Министерство за транспорт и врски, доставивте Барање за издавање на Извод од одобрен Проект за инфраструктура за изградба на цевковод и мала хидроелектрична централа со референтен број 3, со пропратни објекти, КО Ваташа, општина Кавадарци, изработен од „Билд“ дооел Скопје, одобрен од Министерство за транспорт и врски со Потврда број 02-7960/2 од 16.08.2013 година.

Постапувајки по Вашето барање, Ве известуваме дека Министерството за транспорт и врски Ви го доставува во изворна и идентична форма на оригиналот бараниот Проект за инфраструктура, во електронска форма по електронска пошта на е-маил адреса: giminz@gim.com.mk

Со почит,
Илина Лалкова, диа
Помошник Раководител на Сектор за уредување на простор

Ilina Lalkova

Digitally signed by Ilina Lalkova
DN: c=MK, ou=VAT - 4030990278246, 2.5.4.97=NTRMK-4928946, o=Ministerstvo za transport i vrski, serialNumber=200285, title=Pomoshnik rakovoditel na sektor, sn=Lalkova, givenName=Ilina, cn=Ilina Lalkova
Date: 2023.06.07 08:46:30 +01'00'

Изработил: Даниела Деспотовска Сековска, диа

Daniela Despotovska Sekovska

Digitally signed by Daniela Despotovska Sekovska
DN: c=MK, ou=VAT - 4030990278246, 2.5.4.97=NTRMK-4928946, o=Ministerstvo za transport i vrski, serialNumber=185459, title=Sovetnik, sn=Despotovska Sekovska, givenName=Daniela, cn=Daniela Despotovska Sekovska
Date: 2023.06.07 08:46:07 +01'00'

Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина “ бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

БИЛД Д.О.О.Е.Л. - Извоз – Увоз Скопје,

Бул. 8ми Септември бр.13, Сала Борис Трајковски, Скопје, тел/фах 02 3083 575;
075 410 187, МК 403002463980, ХАЛК БАНКА Д. Скопје ж-ска 270000001048166

151/13
07 13

Република Македонија
Министерство за транспорт и врски
бр. 02-7900/2 од 16.08.2013
ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА
со техн.бр. 151/13 согласно
Решение бр. 15-9123/4 од 03.12.2012г.
за услови за планирање на проектот.

ПРОЕКТ: ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

ОБЈЕКТ: ЗА ИЗГРАДБА НА ЦЕВКОВОД И МАЛА ХИДРОЕЛЕКТРИЧНА ЦЕЛТРАЛА СО РЕФЕРЕНТЕН БРОЈ 3, СО ПРОПРАТНИ ОБЈЕКТИ, КО ВАТАША, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ТЕХ. БР. : 151/13

МЕСТО: ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ИНВЕСТИТОР: ХИДРО БОШАВА доо - КАВАДАРЦИ
Ул.Ило Костов Бр.31
1430 Кавадарци

Bojan Mulickovski
Digitally signed by Bojan Mulickovski
DN: cn=Bojan Mulickovski, sn=Mulickovski, givenName=Bojan, c=MK, o=BILD dooel Skopje, email=mulickovski@yahoo.com
Date: 2014.01.09 12:19:23 +01'00'

УПРАВИТЕЛ: АЛЕКСАНДАР ГАВРИЛОСКИ

Aleksandar Gavriloski
Digitally signed by Aleksandar Gavriloski
DN: cn=Aleksandar Gavriloski, sn=Gavriloski, givenName=Aleksandar, c=MK, email=bildsk@yahoo.com
Date: 2014.01.09 12:15:40 +01'00'

Скопје, ЈУЛИ 2013 год.



нумерација на површина за градба	намена		max висина	Катност	намена на површини (m2)	P(m2) површина за градба	бруто P (m2) развиена површина	процент на изграденост %	коефициент на искористеност	потребен број на паркинг места
3.1	Е1	ЗАФАТНА ГРАДБА	1,00 m	-	100,00 m2	3,50 m2	3,50 m2	-	-	-
3.2		ЗАТВАРАЧНИЦА	1,00 m	-		8,00 m2	8,00 m2	-	-	-
3.3		ВОЗДУШЕН ВЕНТИЛ	1,00 m	-		16,00 m2	16,00 m2	-	-	-
3.4		ВОЗДУШЕН ВЕНТИЛ	1,00 m	-		16,00 m2	16,00 m2	-	-	-
3.5		РАЗДЕЛНА ШАХТА	1,00 m	-		8,50 m2	8,50 m2	-	-	-
3.6		ВОЗДУШЕН ВЕНТИЛ	1,00 m	-		16,00 m2	16,00 m2	-	-	-
3.7		ВОЗДУШЕН ВЕНТИЛ	1,00 m	-		16,00 m2	16,00 m2	-	-	-
3.8		ВОЗДУШЕН ВЕНТИЛ	1,00 m	-		16,00 m2	16,00 m2	-	-	-
3.9	Е2	МАШИНСКА ЗГРАДА	10,00 m	П	1986,00 m2	1986,00 m2	1986,00 m2	-	-	-
	Е1	КОРИДОР (подземен цевковод)	-	-	20376,00	-	-	-	-	-
ВКУПНО					22462 m2	2086,00 m2	2086,00 m2	9%	0,09	1 возило за сервис и контрола

ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ЦЕВКОВОД И МАЛА ХИДРОЕЛЕКТРИЧНА ЦЕНТРАЛА СО РЕФ.БР. 3 СО ПРОПРАТНИ ОБЈЕКТИ КО ВАТАША, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П=2.25 ха
- 3 НУМЕРАЦИЈА НА ОПФАТ НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА
- 3.x НУМЕРАЦИЈА НА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА
- г.л. ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ ОГРАНИЧЕНА СО ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- П КАТНОСТ
- H=.....м ВИСОЧИНА НА ГРАДЕЊЕ
- ПЕ ЦЕВКИ ЗА КАБЛИ ЗА НАПОЈУВАЊЕ
- ЦЕВКОВОД
- НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ
  Е - ИНФРАСТРУКУРА
- Е1 Е1 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
  - КОРИДОР НА ПОДЗЕМЕН ЦЕВКОВОД
  - ЗАФАТНА ГРАДБА
  - ЗАТВАРАЧНИЦА
  - ВОЗДУШЕН ВЕНТИЛ
  - РАЗДЕЛНА ШАХТА
- Е2 Е2 - КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА
  - МАШИНСКА ЗГРАДА
- ПРИСТАПЕН ПАТ

ПОВРШИНА 22462м2	параметри
ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА (м2)	2086 м2
Е2- ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА (м2)	1986 м2
Е1- ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА (м2)	100 м2
ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ	9%
КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	0,09

0 БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ Овластен планер 0070

У ФАЗА

BILD

СИНТЕЗЕН ПЛАН

ЦРТЕЖ

ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ЦЕВКОВОД И МАЛА ХИДРОЕЛЕКТРИЧНА ЦЕНТРАЛА СО РЕФ.БР. 3 СО ПРОПРАТНИ ОБЈЕКТИ, КО ВАТАША, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ТЕХ.БР. 151/13 М 1:2 500

ЛИСТ БР. 4

ПЛАНЕРИ:
БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ д.и.а. бр.ов. 0.0070
ЕФРЕМОВА ИСКРА д.и.а. бр.ов. 0.0085
КАРАГА КАТЕРИНА д.и.а. бр. ов. 0.0393
ИЛИНА ЛАЛКОВА д.и.а. бр.ов. 0.0403
ДЕЈАН ДРВОШАНСКИ д.и.а.

УПРАВИТЕЛ: ГАВРИЛОСКИ АЛЕКСАНДАР

ИНВЕСТИТОР: ХИДРО БОШАВА-доо КАВАДАРЦИ

ЛОКАЦИЈА: ОПШТИНА КАВАДАРЦИ 07.2013

БИЛД ДООЕЛ експорт-импорт Скопје

Геоинформатика

Трговско друштво за геодетски работи, проектирање, инженеринг и консалтинг

Трговско друштво за геодетски работи, инжинерство, консалтинг и услуги **ГЕОИНФОРМАТИКА** ДООЕЛ увоз-извоз

Бр. **08-023-4/2023**

18.08.2023 година

С К О П Ј Е

Приемен штембил

Mile Varoshlieski Digitally signed by Mile Varoshlieski
Date: 2023.08.18 12:47:04 +02'00'

ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ

ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ ИЗРАБОТКА НА АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА ЗА

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДИСЛОКАЦИЈА НА ДЕЛ ОД ДОВОДЕН ЦЕВКОВОД ЗА МХЕЦ-3 ХС БОШАВА ВО КО БОШАВА

Трговско друштво за геодетски работи
„Геоинформатика„ дооел – Скопје

Заверил: М.П. .

Миле Варошлиески, *дипл. геод. инж.*

Скопје, Август 2023

ул. „Пандил Шишков„ бр. 8/2 – 2, 1000 Скопје, Р. Македонија
тел. + 389 (0)2 60 91 299; факс +389 (0)2 60 91 299
e-mail: geoinformatika@t.mk

Трговско друштво за геодетски работи проектирање, инженеринг и консалтинг
ГЕОИНФОРМАТИКА дооел
Скопје

Катастарска општина: **Ваташа**

ТЕРЕНСКА СКИЦА НА ПРЕМЕРУВАЊЕ НА ОПФАТ ЗА АЖУРИРАЊЕ

Размер 1:1000



СПИСОК НА КООРДИНАТИ НА ДЕТАЛНИ ТОЧКИ КОИ ГО ДЕФИНИРААТ ОПФАТОТ		
Број на точка	Y [m]	X [m]
1	7589079.73	4581674.57
2	7589124.31	4581670.96
3	7589136.85	4581664.29
4	7589141.42	4581658.20
5	7589096.45	4581463.96
6	7589145.16	4581452.69
7	7589195.39	4581669.59
8	7589170.16	4581703.21
9	7589138.65	4581719.96
10	7589128.86	4581726.30
11	7589022.57	4581729.36
12	7589018.54	4581679.52
13	7589043.41	4581677.51
14	7589049.80	4581662.11

Легенда:

- Опфат за проектирање
- Опфат за ажурирање
- Катастарски парцели
- 324.39 Детална точка
- 1694/4 Број на катастарска парцела
- 1 Детални точки од линија на опфат за ажурирана
- Кабел
- Бетонска дијафрагма
- Бетонски блок
- Монтажен објект
- Земјен пат
- Шахта со кружен капак

Изработил-геод. стручно лице

Миле Варошлиески, дипл. геод. инж.

Скопје, 17.08.2023 година

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО НАНЕСЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ

РЕВИЗИЈА / РЕВИДЕНТ	ДАТУМ	ПОТПИС НА РЕВИДЕНТ	ПЕЧАТ НА РЕВИДЕНТ

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА
Дрезденска 52, Скопје, Република Северна Македонија
тел: 02 3066 816 | 02 3066 833 web: www.gim.com.mk , e-mail: gim@gim.com.mk

ИНВЕСТИТОР:
ДППЕЕ ХИДРО БОШАВА ДООЕЛ
КАВАДАРЦИ
Р.С. Македонија

ОБЈЕКТ:
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДОВОДЕН ЦЕВКОВОД ЗА МХЕЦ-3 ХС БОШАВА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ПРОЕКТ:
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ГЛАВЕН ПРОЕКТАНТ:

ПОТПИС НА ПРОЕКТАНТ:

ОБЛАСТ НА ПРОЕКТИРАЊЕ
УРБАНИЗАМ

У

ОДГОВОРЕН ПЛАНЕР:
Славица Чавдаровска Наумова, дипл.инж.арх.,овластување бр. 0.0469
ПЛАНЕР:
Катерина Николовска, дипл.инж.арх.

ПОТПИС НА ПЛАНЕР:

СОДРЖИНА НА ЛИСТ
АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО НАНЕСЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ

СОРАБОТНИЦИ
Владимир Арсовски, м-р.инж.арх,
Елена Спасовска, м-р.инж.арх,
Андреј Прошевски, м-р.инж.арх,
Синиша Павловски, м-р.инж.арх,

ПОТПИС НА СОРАБОТНИЦИ

ТЕХНИЧКИ БРОЈ:	ДАТУМ:	РАЗМЕР:	ФОРМАТ:	ПРИЛОГ:
ГТ 25-06-2023	Август 2023	М = 1:1000	420/960	1

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1110-57/2023 од 18.08.2023 12:49:59

Податоци за сертификатот на АКН на Р. Македонија
Издаден на: Elektronski Salter
Издавач: Makedonski Telekom CA
Сериски број: 5f 26 51 02
Валиден до: 17.08.2025
Датум и час на потпишување: 18.08.2023 во 12:52:58
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

1110-57/2023

И З В Е С Т У В А Њ Е

за електронска заверка на геодетски елаборат

Извршена е електронска заверка на геодетскиот елаборат за Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога, изработен од: ГЕОИНФОРМАТИКА, заведена под број: 08-023-4/2023 од 18.08.2023 година.
Со заверката се потврдува дека при изработката на геодетскиот елаборат се користени податоци од Геодетско - катастарскиот информационен систем.
Геодетскиот елаборат е доставен во електронска форма преку Е- шалтерот на Агенцијата за катастар на недвижности, на 18.08.2023 12:49:59 часот.

Службено лице

М.П. **ГЕОИНФОРМАТИКА**

(име и презиме, потпис)



ЛЕГЕНДА :

- ГРАНИЦА НА ПРЕДМЕТЕН ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ ОД ОДОБРЕН ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ЦЕВКОВОД И МАЛА ХИДРОЕЛЕКТРИЧНА ЦЕНТРАЛА СО РЕФ.БР.3 СО ПРОПРАТНИ ОБЈЕКТИ, ЈО ВАТАША, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
- ЛИНИЈА НА КАТАСТАРСКИ ПАРЦЕЛИ

ПОСТОЕЧКА ИНФРАСТРУКТУРА:

- 10 (20) КV ПОСТОЕЧКИ ПОДЗЕМЕН ВОД. - ЕВН
- ПОСТОЕЧКА ВОДОВОДНА ТРАСА - ЈП КОМУНАЛЕЦ
- ПОСТОЕЧКИ ЦЕВКОВОД

ПОСТОЕЧКИ ПОВРШИНИ:

- Н3 НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ
- ЗЕМЈАН ПАТ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

КАРТА НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

РЕВИЗИЈА / РЕВИДЕНТ	ДАТУМ	ПОТПИС НА РЕВИДЕНТ	ПЕЧАТ НА РЕВИДЕНТ

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ МАКЕДОНИЈА
Дрезденска 52, Скопје, Република Северна Македонија
тел: 02 3066 816 | 02 3066 833 web: www.gim.com.mk , e-mail: gim@gim.com.mk

ИНВЕСТИТОР:
ДППЕЕ ХИДРО БОШАВА ДООЕЛ КАВАДАРЦИ
Р.С. Македонија

ОБЈЕКТ:
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДОВОДЕН ЦЕВКОВОД ЗА МХЕЦ-3 ХС БОШАВА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ПРОЕКТ:
УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ГЛАВЕН ПРОЕКТАНТ:

ПОТПИС НА ПРОЕКТАНТ:

ОБЛАСТ НА ПРОЕКТИРАЊЕ
УРБАНИЗАМ

У

ОДГОВОРЕН ПЛАНЕР:
Славица Чавдаровска Наумова, дипл.инж.арх.,*овластување бр. 0.0469*

ПЛАНЕР:
Катерина Николовска, дипл.инж.арх.

ПОТПИС НА ПЛАНЕР:

СОДРЖИНА НА ЛИСТ
КАРТА НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

СОРАБОТНИЦИ
Владимир Арсовски, м-р.инж.арх.
Елена Спасеска, м-р.инж.арх.
Андреј Прошевски, м-р.инж.арх.
Синиша Павловски, м-р.инж.арх.

ПОТПИС НА СОРАБОТНИЦИ:

ТЕХНИЧКИ БРОЈ:	ДАТУМ:	РАЗМЕР:	ФОРМАТ:	ПРИЛОГ:
ГТ 25-06-2023	Август 2023	М = 1:1000	420/780	2

ПЛАНСКИ ДЕЛ

А-ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

Хидро Системот Бошава се состои од тиролски зафат на река Бошава, од каде со довдедува до водата до сливот на река Луда Мара. Зафатената вода енергетски се искористува низ 5 Мали хидроцентрали кои се каскадно поставени.
МХЕЦ реф бр 3. е трета скала во низата на хидроелектрани за енергетско искористување на водите од системот за наводнување "ХМС Бошава". Со изградба на Мали хидроцентрали ќе се зголеми искористеноста на хидролошкиот потенцијал на сливот, а воедно ќе се зголеми степенот на искористеност на Хидросистемот притоа подобрувајќи ги техничко-економските елементи.

МХЕЦ реф бр 3. е проточна хидроелектана од деривационен тип, со деривација под притисок, која ги користи водите од езерото Градот во кое освен од локалниот слив се доведени и зафатените води од р. Бошава. Инсталиран проток на МХЕЦ-3 изнесува $Q_{инст}$= 2.8m^3/s. Деривијацијата на МХЕЦ-3 е под притисок и користи пад од кота од кота 545 до кота 465мнв.

Водата се зафаќа од езерото а потоа со цевковод под притисок DN 1300 со должина L=998м се доведува до хидроцентралата со две Францисови турбини. Енергетски искористената вода од оводната вада директно ќе се зафаќа и ќе се води до следна хидроцентрала.

Како резултат на геолошко-морфолошките одлики на теренот се настанати значителни материјални оштетувања на постоечкиот цевковод што довело до прекин на експлоатација на објектот и производство на електрична енергија. Оваа локација е издвоена како зона на интезивна ерозија во чии рамки се евидентирани дополнителни деформации на теренот како што се слегнувања и локални свлкеувања на почвените материјали, тензиони пукнатини, извори на подземна вода, провлажнувања во форма на пиштевини, ерозиони стрии и сл. Ваквата состојба е настаната во зона со доста стрмен пад на теренот, каде што при тековната експлоатација, дошло до сериозно оштетување (кинење) на доводниот цевковод и нагло испуштање на огромни количини на техничка вода, што довело до еродирање на голема површина, формирајќи при тоа јаруга, односно т.н. ерозивен кањон со димензии од околу 100-ина метри во должина и просечна ширина од околу 25 метри, со длабина и до 7-8 метри.

Оската на протегање на оваа зона е југоисток-северозапад со доста нестабилни бочни ѕидови кои се одликуваат со голема стрмнина, склони кон одронувања, свлекувања, кои имаат тенденција на проширување на самата зона. Генезата на ваквата појава е поврзана и со влијанието на подземните води кои делумно се дренираат преку низа извори кои егзистираат во непосредната околина, а дел и во самата зона каде преку процеси на суфозија влијаат на промената на физичко-механичките параметри на геолошките материјали.

Техничко решение и реализација на санациони мерки во вакви геолошки услови и состојба на теренот како работна средина (зона на интеракција), претставува вложување на сериозни материјални средства, а особено значителен ризик по здравјето и безбедноста по човекот во фаза на идните инженерски делувања.

1. Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение во проектниот опфат

Девијацијата на дел од доводниот цевковод за МХЕЦ 3 е предвидена со отклонување од постојниот цевкодовод на стационажа 0+428,02 до стац. 0+658,30 од стационажата на постоечкиот цевковод. Крајот на девијацитата е на км 0+747,28, од стационажата на девијацијата.

Вкупната должина на девијацијата изнесува L=319.26m.

Предвидено е девијацијата да се изработи од GRP цевки DN 1300 SN5000 PN 10 bar.

На стационажа 0+533,00 од стационажата на девијацијата, или на приближно 100m од почетокот на девијацијата предвидена е шахта за воздушен вентил.

Предвидено е и изведба на дренажа која ќе зафати води од мали извори кои се лоцирани при теренската проспекција и кои ќе се испуштат во реката. Дренажата се пресекува со дислоцираниот цевковод на стац. 0+675,00 и истата поминува под цевководот, а испустот од дренажната цевка која е со должина од 65m, излегува на терен и се испушта по терен или на површински канал.

Трасата на девијацијата која е со почетна точка на отклонување од постоечкиот цевковод на км. 0+428,02 е предвидена со пет прекршувања, односно едно на отклонувањето и едно на приклчувањето кон постоечкиот цевковод, а три по трасата на девијацијата. Почетокот на девијацијата е на стац. км 0+428,02 во точка со ознака D1 која е точка на отклонување. Потоа, следи хоризонтално прекршување на на стац. 0+601.17 во точката со ознака D5. Следни се прекшувања во точката со ознака D6 на стац. 0+626.00, во точка со ознака D7 стац. 0+651,01 и последното колено е на стац. 0+747,28 во точката OP17, каде е приклучокот на постојниот цевковод.

Предметниот проектен опфат е со основна класа на намена - **Е1.5 (Инфраструктури на водоснабдувањето),** согласно член 77, став 1 од Правилникот за стандарди и нормативи за Урбанистичко планирање (“Сл.весник на Р.С.М.” бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 111/23) односно

Е1.5 Доводи на вода и водоводни мрежи

Површината на проектниот опфат изнесува: **19195.46м² (1.92ha)**.

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА				
	НАМЕНА НА ПОВРШИНИ	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ
			м2	%
1	**Доводи на вода и водоводни мрежи**	Е1.5	8116.42	42.28%
2	**Заштитен појас на водоводна мрежа**	/	11079.04	57.72%
ВКУПНО (ПРОЕКТЕН ОПФАТ)			**19195.46**	**100%**

2. Детални услови за проектирање и градење

- Одредбите за уредување на просторот и графичките прилози се составен дел на Проектот и имаат дејство само врз градителската активност која ќе следи по стапување на сила на Урбанистичкиот проект .

- Изградбата на нови објекти, изградбата на комунални објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и позаконската регулатива, техничките прописи во областа на урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

- Доколку при изработка на проектната документација од пониско ниво или при уредување на просторот се дојде до нови одредени сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со изведба на конкретната инфраструктура, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство.
- Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, ќе се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство („Службен весник на Република Македонија“ број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 29/16) односно веднаш треба да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство, според член 129 од Законот.

Изведувачот на работите е должен:
- Да го пријави откритието во смисла на членот 129став (2)на овој закон;
- Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристапи
- Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.

Ако предметите се ископани односно извадени заради нивна подобра заштита или со оглед на околностите, Изведувачот на работите е должен:
- Да ги предаде откриените предмети при нивното пријавување или тоа да го направи при идентификацијата во смисла на членот 66 од овој закон а до предавањето да превземе мерки кои се нужни за да не пропаднат и да не се оштетат или да се оттуѓат
- Да ги даде сите релевантни податоци во врска со местото и положбата на предметите во времето на откривањето и за околностите под кои тоа е направено.

Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање заштитен регион, градителска целина или поединечен објект, како заедничко светско културно богатство кое припаѓа на целото човештво, во урбанистичките планови треба да се третираат на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или поширокото подрачје и потенцирање на неговите градежни обликовни и естетски вредности.

- Начинот на изведување на инфраструктурата треба во целост да биде во согласност со изработената техничка документација и пропишаната градежна регулатива.

- Сите услови за изградба на просторот во рамките на третираниот проектен опфат кои не се опфатени во приложените услови за изградба на просторот од оваа проектна документација да бидат во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.С.М 32/20, 111/23), Закон за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20 и 279/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.С.М 225/20, 219/21, 104/22, 99/23)

Пред отпочнување со изведбата, Изведувачот на работите е должен да изработи Програма со динамика за изведување на работите и истата да биде одобрена од Надзорот.

-Да се обезбеди заштита, унапредување и адекватно користење на природните предели, амбиентите и пејзажите во просторот во насока на зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот.

Согласно податоците од **ЕВН** (допис бр.10-22/5-223 од 04.05.2023 год.) во рамките на предметниот проектен опфат има електроенергетски инсталации кои се во нивна надлежност, прикажани во графичките прилози.
Од страна на ЕВН доставена е и планирана траса чија реализација ќе биде искоординирана со одговорните лица од Хидро Бошава.

При постоење на подземна електро инфраструктура во предметниот проектен опфат , потребно е да се контактира најблискиот КЕЦ , за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предментиот проектен опфат. Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Услов кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура е да се запазуваат законските прописи и работните норми.

Согласно член 138 (Службен весник на Р.С.М, 191/2019 год.) предвиден е заштитен појас на електроенергетските инсталациии и тоа:

- заштитен појас од 1м од осовината на водот за подземен вод со номинален напон од 10(20) KV,

Задолжително да се почитуваат заштитните појаси на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Согласно допис бр.09-1003/1 од 03.05.2023 год. ЈП Комуналец – Кавадарци , во

рамките на предметниот проектен опфат има постоечка инфраструктура . ЈП Комуналец – Кавадарци напоменуваат при планирањето да се запазат сите норми согласно важечките стандарди и регулативи за проектирање.

- **НОМАГАС** со допис бр.15-2008/2 од 18.04.2023 год . не известува дека на предметниот проектен опфат нема и не е планирана изградба на гасоводна мрежа и дава позитивно мислење.

- **Министерство за внатрешни работи** , со допис бр. 11. 43708 /2 од 26.04.2023 год. не известува дека нема податоци за постоење на телекомуникациска инфраструктура. Доколку во текот на изведбените работи се појават телекомуникациски инсталации , задолжително да се извести Министерство за внатрешни работи.

При изготвување на проектната документација, од аспект на заштита на водите а во согласнот со Законот за води (Сл.в. на РМ, бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) треба да бидат исполнети следните критериуми за заштита , одржување и уредување на површинските води и крајбрежните земјишта:

1. Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, забрането е , освен со дозвола или согласност, изградба на постројки и објекти во заштитениот крајбрежен појас во широчина од 50м. Зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегуларните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци и кај езеро и акумулации во ширина од 50м. од линијата на највисокиот утврден водостој.
2. Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, езерата и акумулациите, се забранува освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон:

- да се менува правецот на водотекот
- да се врши градба или зафат кои што би имале негативно влијание врз протокот на водотекот
- да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите
- да се сечат дрвја, грмушки и друга вегетација во речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите
- да се вади песок, чакал , камен од коритата и бреговите на површинските водни тела за да не дојде до влошување на постојниот режим на водите и се предизвикуваат процеси на ерозија или оневозможува користење на водите
- да се изгради брана, насип или слична препрека која би имала негативно влијание на протокот на водотекот
- да се фрла отпаден материјал (комунален, индустриски и др.) земја, градежен шут, јаловина и сл.
- да се вршат други активности со кои се оштетуваат речните корита и бреговите на водотеците, акумулациите и езерата.

3. Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките.
4. Да се спроведат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанци
5. Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, акумулациите и езерата за спорт, рекреација и сл.активности потребно е да биде слободен

Министерството за животна средина и просторно планирање согласно Законот за води издава Дозвола за користење на водите како и водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти кои што поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта а кои може да влијаат врз режимот на водите.

1. Мерки за заштита

Мерки за заштита на животната средина

Заштитата на животната средина како темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) е регулирана со Законот за животна средина (Сл.в. на Р.М. бр. 6број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 89/22). Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина. За заштита и унапредување на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделните медиуми и области:

- Закон за заштита на животната средина („Службен весник на Република Македонија“ број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 89/22);
- Закон за водите („Службен весник на Република Македонија“ број 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21);
- Закон за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ број 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19);

- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Сл.в. на РМ, бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.в. на РМ бр.79/07 и бр.124/10, 47/11, 163/13 и 146/15);
- Закон за управување со отпадот ("Службен весник на Р.М" број. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, , 156/15, 192/15, 39/16, 63/16, 31/20)
- Закон за заштита на природата (Сл.в. на РМ бр67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14,146/15, 39/16, 63/16 и 113/18) и други законски и подзаконски акти.

Заштитата и унапредувањето на животната средина се остварува со воспоставување на систем на планирање на заштитата кој ќе овозможи навремено спречување на потенцијалните ризици и опасности, санирање на оштетените сегменти и зачувување на чистата животна средина преку континуирано предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина.

Мерки за заштита и спасување од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата
Заштитата од поплави заради обилни врнежи е обезбедено со правилно димензионирање на хидротехничката мрежа.

Заштита и спасување од лизгање и свлекување на земјиштето

Со оглед на конфигурацијата на теренот , се претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето. При изработка на Основен проект да се изготви Елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.
Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Правилник за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл.Весник на Р.С.М бр.231/20).

Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер.

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите средини, објекти и места со превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки за заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи, се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примената на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.

